Јавната кабелска електронска комуникациска мрежа и придружните средства треба да се планираат, проектираат, поставуваат и градат на начин кој нема да ја попречува работата на другите електронски комуникациски мрежи и придружни средства, како ни обезбедувањето на другите електронски комуникациски услуги.

Изградбата на јавните електронски комуникациски мрежи и придружни средства треба да се обезбеди:

- заштита на човековото здравје и безбедност,
- заштита на работната и животната средина,
- заштита на просторот од непотребни интервенции,
- заштита на инфраструктурата на изградените јавни електронски комуникациски мрежи,
- унапредување на развојот и поттикнување на инвестиции во јавните електронски комуникациски мрежи со воведување на нови технологии и

услуги, а особено со воведување на следни генерации на јавни електронски комуникациски мрежи.

АД "Македонски Телекомуникации" и останатите оператори за своите корисници обезбедуваат широк опсег на услуги како што се: говорни услуги (вклучувајќи услуги со додадена вредност), услуги за пренос на податоци, пристап до Интернет, мобилни комуникациони услуги, јавни говорници и др. Комуникациските услуги се обезбедуваат врз основа на добро воспоставената електронска комуникациска мрежа со примена на најсовремени технологии.

Телефонските корисници во ова подрачје во електронско комуникацискиот сообраќај приклучени се преку телефонската централа во Прилеп.

Операторите на јавна кабелска електронска комуникациска мрежа треба да обезбедат можност за широкопојасен пристап до услуги (broadband) со големи брзини на: 100% од домаќинствата покриени со мрежата на операторот со можност за пристап до јавната комуникациска мрежа со брзина на пренос од 30 Mbps и најмалку 50% од домаќинствата покриени со мрежата на операторот со можност за пристап до јавната комуникациска мрежа со брзина на пренос од 100 Mbps.

За новопредвидените градби, изградената електронска комуникациска инфраструктура за пренос со големи брзини треба да им овозможи на сите корисници слободен избор на оператор, а на сите оператори пристап до градбите под еднакви и недискриминаторски услови.

Заштита на животната средина

Анализата на влијанијата врз *животната средина,* како превентива, има за цел да ги идентификува можните проблеми, да ги рационализира трошоците и да направи оптимален избор на мерките за заштита на животната средина. За разлика од "пасивниот" пристап, со кој се применуваат заштитни мерки по настанатиот проблем, што претставува финансиско оптоварување на производителите, давачите на услуги и општеството во целост, превентивната заштита на животната средина се трансформира во елемент на развој и појдовна основа за глобалното управување со животната средина засновано на принципите на одржливиот развој. Одржувањето на континуитет во следењето на состојбите во медиумите и областите на животната средина, дава претстава за трендот на промени кои настанале во текот на подолг временски период на анализираното подрачје, како основа за планирање и предвидување на промените кои би можело да се очекуваат во животната средина во временската рамка на која се однесува планскиот документ.

Анализите на начинот на изведба, активностите кои би се одвивале во текот на поставување на електричен кабел од 35 kV од трафостаница Прилеп 2 до трафостаница на фотонапонска централа, КО Заполжани, Општина Долнени, КО Врбјани, Општина Кривогаштани, КО Мало Коњари, КО Големо Коњари 1 и КО Варош, Општина Прилеп и активностите кои би се превземале во насока на одржување во текот на експлоатациониот период, овозможуваат утврдување на изворот на евентуалните негативни влијанија врз животната средина во текот на двете фази.

Во периодот на поставување, земјаните активности ќе бидат главен извор на негативно влијание врз животната средина. Во оваа фаза се вклучени следните активности:

Подготвителни активности: во кои се вбројуваат расчистување на локацијата, отстранување на вегетацијата и подготовка на тлото;

Градежни активности: во кои се вбројуваат земјаните активности (усеци, насипи, ископи или набивање на земјиштето и др.) и истите се однесуваат на сите елементи на изведба.

Во тек на експлоатациониот период, редовните активности и активностите кои се превземаат во интервентни случаи (инспекција, поправки, замена на делови и сл.) би можеле да имаат негативно влијание врз животната средина. Времените објекти (кампови) кои би служеле како место во кое би престојувале работниците во периодот на извршување и спроведување на активностите, исто така претставуваат потенцијален извор на загадување на животната средина.

Влијанија врз животната средина се одразуваат преку специфичните промени што се јавуваат во сите медиуми на животната средина. Промената на условите само во еден медиум може да предизвика промена во сите останати.

Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при поставување на електричен кабел од 35 kV од трафостаница Прилеп 2 до трафостаница на фотонапонска централа, КО Заполжани, Општина Долнени, КО Врбјани, Општина Кривогаштани, КО Мало Коњари, КО Големо Коњари 1 и КО Варош, Општина Прилеп, потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во законската регулатива од областа на заштита на животната средина и подзаконските акти донесени врз нивна основа.

При реализација на предвидените активности на терен да се внимава да не дојде до искористување на земјиштето на начин и обем со кој би се загрозиле неговите природни вредности. Потенцијалната ерозија на земјиштето треба да се спречи со што е можно побрзо завршување на земјените работи и ископувања и нивно покривање со вегетација. Озеленување на површините во непосредна близина на трасата (со автохтони видови), со цел да се добие разновиден и богат пејзаж во една просторно - естетска и функционална целина.

Да се превземат активности за намалување на бучавата и вибрациите од опремата, со цел да се избегнат негативните ефекти од бучавата и да се почитуваат пропишаните гранични вредности за дозволено ниво на бучава во животната средина.

Помошните и пратечките градежни објекти (магацински објекти за материјали, алати и гориво, и други помошни објекти), кои ќе се користат во фазата на поставување, треба да бидат лоцирани на поголеми растојанија од коритата на водотеците и површините под шуми, квалитетни земјоделски површини, населени места и заштитено и предложено за заштита природно наследство.

Да се следи и контролира присуството на загадувачки материи во воздухот со цел да се одржи квалитетот на воздухот во граници на дозволените нивоа на емисии.

Да се спроведе организирано управување со отпадот со цел да се минимизира негативното влијание врз животната средина, животот и здравјето на луѓето.

Создавачот и/или поседувачот на отпадни материи и емисии ги сноси сите трошоци за санација на евентуално предизвиканите нарушувања во животната средина.

Да се избегне губење, модификација и фрагментација на живеалиштата и прекумерно искористување на природните богатства, со цел да се намалат или целосно елиминираат негативните последици врз стабилноста на екосистемите.

Заштита на природното наследство

Од областа на *заштита на природата (природното наследство, природните реткости и биолошката и пределската разновидност)*, документацијата за предметниот простор треба да се усогласи со Просторниот план на Република Македонија, врз основа на режимот за заштита, ќе се организира распоред на активности и изградба на објекти кои ќе се усогласат со барањата кои ги поставува одржливото користење на природата и современиот третман на заштитата.

Особено внимание при заштита на природата, треба да се посвети на начинот, видот и обемот на изградбата што се предвидува во заштитените простори за да се одбегнат или да се надминат судирите и колизиите со инкомпатибилните функции. За таа цел е неопходно почитување на следните принципи:

- Оптимална заштита на просторите со исклучителна вредност;
- Зачувување и обновување на постојната биолошка и пределска разновидност во состојба на природна рамнотежа;
- Обезбедување на одржливо користење на природното наследство во интерес на сегашниот и идниот развој, без значително оштетување на деловите на природата и со што помали нарушувања на природната рамнотежа;
- Спречување на штетните активности на физички и правни лица и нарушувања во природата како последица на технолошкиот развој и извршување на дејности, односно обезбедување на што поповолни услови за заштита и развој на природата;
- Рационална изградба на инфраструктурата;
- Концентрација и ограничување на изградбата;
- Правилен избор на соодветна локација.

Согласно Законот за заштита на природата („Службен весник на Република Македонија" број 67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 39/16, 63/16, 113/18 и 151/21) и Законот за животна средина („Службен весник на Република Македонија" број 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18 и 89/22) потребно е внесување на мерки за заштита на природата при планирањето и уредувањето на просторот и истите треба строго да се почитуваат.

Согласно Студијата за заштита на природното наследство, изработена за потребите на Просторниот план на Република Македонија, на просторот за поставување на електричен кабел од 35 kV од трафостаница Прилеп 2 до трафостаница на фотонапонска централа, КО Заполжани, Општина Долнени, КО Врбјани, Општина Кривогаштани, КО Мало Коњари, КО Големо Коњари 1 и

КО Варош, Општина Прилеп, нема регистрирано ниту евидентирано природно наследство.

Просторот на предметната документација се наоѓа на територијата на подрачјето "Пелагонија", коешто согласно Предлог-Репрезентативната мрежа на заштитени подрачја, изработена во рамките на проектната активност *Ref. RFP 79/2009 "Развој на репрезентативна мрежа на заштитени подрачја"* од Проектот 00058373-PIMS 3728 *„Зајакнување на еколошката, институционалната и финансиската одржливост на системот на заштитени подрачја во Република Македонија",* технички и финансиски подржана од Програмата за развој на Обединетите нации – UNDP и Глобалниот Еколошки Фонд – GEF е предложено за заштита од како подрачје значајно за зачувување/управување со одредени видови флора и фауна или заштита на пределските карактеристики. За овие подрачја не се предлага нивно прогласување во некоја од шесте категории на заштита, туку соодветни мерки за заштита на видовите.

Просторот на предметната документација се наоѓа во подрачје "Пелагонија" кое е предложено за заштита како Емералд Подрачје.

Доколку при изработка на документацијата за предметниот простор или при уредување на просторот се дојде до одредени нови сознанија за природно наследство кое би можело да биде загрозено со урбанизацијата на овој простор, потребно е да се предвидат мерки за заштита на природното наследство:

- Утврдување на границите и означување на сите објекти кои би можеле да бидат предложени и прогласени како природно наследство;
- Забрана за вршење на какви било стопански активности кои не се во согласност со целите и мерките за заштита утврдени со правниот акт за прогласување на природното добро или Просторниот план за подрачје со специјална намена;
- Магистралната и останатата инфраструктура (надземна и подземна) да се води надвор од објектите со природни вредности, а при помали зафати потребно е нејзино естетско вклопување во природниот пејзаж;
- Воспоставување на мониторинг, перманентна контрола и надзор на објектите со природни вредности и преземање на стручни и управни постапки за санирање на негативните појави;
- Воспоставување на стручна соработка со соодветни институции во окружувањето;
- Почитување на начелата за заштита на природата согласно Законот за заштита на природата.

Заштита на културно наследство

Во своето милениумско постоење, човековата цивилизација од праисторијата до денес, на територија на Република Македонија, оставила значајни траги од вонредни културни, историски и уметнички вредности кои го потврдуваат постоењето, континуитетот и идентитетот на македонскиот народ на овие простори.

Просторниот аспект на *недвижното културно наследство* е предмет на анализа во корелација со долгорочната стратегија на економски, општествен и просторен развој, односно стратегија за зачувување и заштита на тоа наследство во услови на пазарно стопанство.

Републичкиот завод за заштита на спомениците на културата, за потребите на Просторниот план на Републиката, изготви Експертен елаборат за заштита на недвижното културно наследство во кој е даден Инвентар на недвижното културно наследство од посебно значење.

Инвентарот содржи список на регистрирани и евидентирани недвижни културни добра, што подразбира список на недвижните предмети со утврдено својство споменик на културата, односно на недвижните предмети за кои основано се претпоставува дека имаат споменично својство. Тоа се: археолошки локалитети, цркви, манастири, џамии, бањи, безистени, кули, саат кули, турбиња, мавзолеи, конаци, мостови, згради, куќи, стари чаршии, стари градски јадра и други споменици со нивните имиња, локации, блиските населени места, период на настанување и општините во кои се наоѓаат спомениците.

Согласно постоечката законска регулатива, видови на недвижно културно наследство се: споменици, споменични целини и културни предели.

На подрачјето на катастарската општина Заположани, кое е предмет на анализа евидентирани се следните недвижни споменици на културата (Експертен елаборат):

1. *Археолошки локалитет "Лозја", Заполжани, неолит;*
2. *Археолошки локалитет "Шаторица", Заполжани, доцноримски период;*
3. *Црква Св. Атанас, Заполжани, 1872 год.*

На подрачјето на катастарската општина Врбјани која е предмет на анализа има евидентирани недвижни споменици на културата (Експертен елаборат):

1. *Археолошки локалитет "Крушеанска Чука"(Мало Блато), Врбјани, енеолит;*
2. *Археолошки локалитет "Попадица" (Девет Слогови), Врбјани, енеолит;*
3. *Археолошки локалитет "Тумба", Врбјани, доцноримски период;*
4. *Археолошки локалитет "Чука" (Ливаѓе), Врбјани, римски период;*
5. *Археолошки локалитет "Чукарче"(Цветковско), Врбјани, римски период;*
6. *Археолошки локалитет "Чукарче"(Момироско), Врбјани, железно време;*
7. *Археолошки локалитет "Чукарчиња", Врбјани, железно време;*
8. *Црква Св.Никола, Врбјани, 1856 год.*

На подрачјето на катастарската општина Големо Коњари, кое е предмет на анализа има евидентиран недвижни споменици на културата (Експертен елаборат):

1. *Археолошки локалитет "Св. Троица", Големо Коњари, доцноримски период;*
2. *Црква Св. Троица, Големо Коњари, 1912 год.*

На подрачјето на катастарската општина Варош, кое е предмет на анализа има *регистрирани* недвижни споменици на културата (Експертен елаборат):

1. *Споменички комплекс "Варош", Варош, среден век;*
2. *Тврдина Маркови Кули, Варош, среден век;*
3. *Црква Св. Атанасие, Варош, 14 век;*

4. *Црква Св. Богородица Пречиста, Варош, 15 век;*
5. *Црква Св. Димитрирај, Варош, 12 век;*
6. *Црква Св. Никола, Варош, 12 век;*
7. *Црква Св. Петар и Павле, Варош, 14 век.*

На подрачјето на катастарската општина Варош, евидентирани се следните недвижни споменици на културата (Експертен елаборат):

1. *Археолошки локалитет "Бакалница", Варош,доцноримски период;*
2. *Археолошки локалитет "Бревчиња", Варош, римски период;*
3. *Археолошки локалитет "Гробишта", Варош, среден век;*
4. *Археолошки локалитет "Заград", Варош, железно време;*
5. *Археолошки локалитет "Јужна падина на Маркови Кули", Варош, бронзено и железно време;*
6. *Археолошки локалитет "Кабања", Варош, римски период;*
7. *Археолошки локалитет "Падарница" (Калдрма, Ташачница), Варош, железен, хеленистичко – римски период и среден век;*
8. *Археолошки локалитет "Мечкина Дупка", Варош, хеленистички период;*
9. *Археолошки локалитет "Песиобарци", Варош,римски период;*
10. *Археолошки локалитет "Под Кули", Варош, хеленистички период и ран среден век;*
11. *Археолошки локалитет "Радин Дол", Варош, неолит;*
12. *Археолошки локалитет "Резервоар", Варош, доцноримски период;*
13. *Археолошки локалитєт "Сивастец", Варош, среден век;*
14. *Археолошки локалитет "Слон", Варош, бронзено време;*
15. *Археолошки локалитет "Светец", Варош, рано бронзено време.*

На подрачјето на катастарската општина Мало Коњари нема евидентирани недвижни споменици на културата (Експертен елаборат).

Во Археолошката карта на Република Македонија[1], која ги проучува предисториските и историските слоеви на човековата егзистенција, од најстарите времиња до доцниот среден век, на анализираното подрачје на катастарските општини Заполжани, Врбјани, Големо Коњари и Варош евидентирани се следните археолошки локалитети:

КО Заполжани- Лозја, населба од неолитско време,недалеку од селото, на северната страна се среќаваат фрагменти од керамички садови и орудија од камен и кремен; *Ореова Бара*,населба од неолит,во непосредна близина на селото се среќаваат фрагменти од керамички садови и орудија од камен и кремен; *Шаторица*, населба од доцноантичко време, источно од селото на блага височинка се среќаваат фрагменти од керамички садови,покривни керамиди и друг градежен материјал.

КО Врбјани– Крушеанска Чука, населба од енеолитското време јужно од селото или северно од селото Крушеани во местот што се вика Мало Блато покрај старото и новото корито на рекичката Блато. *Попадица-Девет Слогови,* населба од енеолитското време северозападно од селото, источно од локалитетот Чука-Ливаѓе и северозападно од патот Прилеп-Битола. *Тумба,* населба од доцноантичкото

[1] МАНУ Скопје, 1996г.

време источно од селото, лево од патот Славеј-Србјани. *Чука-Ливаѓе,* населба од римското време северозападно од селото. *Чукарче Момироско,* некропола од железното време на јужната страна на селото, а на левата страна од патот за Обршани. *Чукарче Цветкоско,* населба од римското време се наоѓа јужно од селото, од десната страна на патот за село Обршани. *Чукарчиња,* тумули од железното време западно од селото и југоисточно од современиот пат Прилеп-Крушево.

КО Големо Коњари- Св Троица, осамен наод од доцноантичко време, северно од црквата и тремот кој служи како трпезарија се наоѓа старохристијански капител со крст на предната страна.

КО Варош - Бревчина, населба од римското време југозападно од селото покрај патот за селото Шилево. *Заград,* некропола од железното време северозападно од Варош. *Кабања,* наслеба од римското време во подножјето на Маркови Кули недалеку од каменот наречен Кабања. *Калдрма,* некропола од железното и хеленистичкото време североисточно од Институтот за тутун и од патот Варош – Горно Село. *Мечкина Дупка,* некропола од хеленистичкото време во подножјето на западната падина на Маркови Кули. *Падарница,* некропола од римското време,меѓу гробиштата и патот Прилеп – Кичево. *Под Кули,* некропола од хеленистичкото време пред влезот во Варош од десната страна на патот Прилеп – Брод. *Попадин Дол,* некропола од железното време северно од Институтот за тутун. *Сивастоец,* средновековна некропола во непосредна близина на наслебата до последните куќи во источниот дел. *Слон,* наслеба од бронзеното време во подножјето на Маркови Кули. *Ташачица*, населба и некропола од доцноаничкото време и средновековна населба западно од Маркови Кули.

На подрачјето на катастарската општина Мало Коњари нема евидентирани археолошки локалитети.

Според Просторниот план на Република Македонија, најголем број на цели се однесуваат на третманот и заштитата на културното наследство во плановите од пониско ниво.

При изработка на документацијата од пониско ниво, да се утврди точната позиција на утврдените локалитети со културно наследство и во таа смисла да се применат плански мерки за заштита на недвижното наследство:

- задолжителен третман на недвижното културно наследство во процесот на изработката на просторните и урбанистичките планови од пониско ниво заради обезбедување на плански услови за нивна заштита, остварување на нивната културна функција, просторна интеграција и активно користење на спомениците на културата за соодветна намена, во туристичкото стопанство, во малото стопанство и услугите, како и во вкупниот развој на државата;
- планирање на реконструкција, ревитализација и конзервација на најзначајните споменички целини и објекти и организација и уредување на контактниот, околниот споменичен простор заради зачувување на нивната културно - историска димензија и нивна соодветна презентација;
- измена и дополнување на просторните и урбанистичките планови заради усогласување од аспект на заштитата на недвижното културно наследство.

Културното недвижно наследство во просторните и урбанистички планови треба да се третира на начин кој ќе обезбеди негово успешно вклопување во просторното и организационо ткиво на градовите и населените места или пошироките подрачја и потенцирање на неговите градежни, обликовни и естетски вредности.

Туризам и организација на туристички простори

Туризмот и угостителството со својата основна функција-прифаќање, сместување и истовремено задоволување на голем број разновидни барања и желби на туристите, влијае врз вкупната економија и развојот на одредена средина, а исто така има изразено влијание и врз просторот во кој ја извршува својата дејност. Туризмот со своето мултиплицирано влијание во процесот на стопанисување, посредно и непосредно, ги вклучува и другите гранки и дејности во вкупната понуда на туристичкиот пазар. Ова, пред сé, се однесува на угостителството, трговијата, сообраќајот, занаетчиството, здравството и на разни други видови услуги. Исто така, преку туризмот се нудат и се продаваат нематеријални вредности, како што се: разни информации, обичаи, фолклор, забава, спортско-рекреативни активности и слично.

Врз основа на комплексно согледаните природни и создадени услови и ресурси по обем, квалитет, распространетост или уникатност, функционалност, атрактивност и степен на активираност, на територијата на Република С.Македонија како посебни целини може да се издвојат следните видови на туристички потенцијали: водените површини, планините, бањите, целините и добрата со природно и културно наследство, транзитните туристички правци, градските населби, ловните подрачја и селата.

Согласно со основните долгорочни цели, концептот и критериумите за развој и организација на туристичката понуда, во Република С.Македонија се дефинирани вкупно 10 туристички региони со 54 туристички зони.

Предметната локација припаѓа на Пелагониски туристички регион со 9 туристички зони и 25 туристички локалитети.

Заштита од воени разурнувања, природни и техничко-технолошки катастрофи

Согласно Просторниот план на Република Македонија, предметната локација за која се наменети условите за планирање на просторот за поставување на електричен кабел од 35 kV, од трафостаница Прилеп 2 до трафостаница на фотонапонска централа, КО Заполжани, Општина Долнени, КО Врбјани, Општина Кривогаштани, КО Мало Коњари, КО Големо Коњари 1 и КО Варош, Општина Прилеп, се наоѓа во простори со висок степен на загрозеност од воени дејства и индиректно загрозени простори од воени дејства.

Простори со висок степен на загрозеност од воени дејства се простори кои во случај на војна би се нашле во зафатот на стратегиските насоки на нападот на агресорот. Истовремено тоа се насоки кои се совпаѓаат со природните комуникациски коридори во кои се сконцентрирани најразвиените физички структури и се со најгуста населеност. Оттука во случај на војна во овие простори

може да се очекува висок степен на повредливост на физичките структури, луѓето и материјалните добра.

Индиректно загрозени простори од воени дејства се ридско- планински и субпланински простори, кои се наоѓаат во непосредна близина на просторите со висок степен на загрозеност (самите не се директно изложени на борбени дејства) или во близина на просторите за формирање слободна територија, поради што се погодни за принуден и повремен престој на борбените единици, евакуираното население и др.

Согласно со Законот за заштита и спасување, задолжително треба да се применуваат мерките за заштита и спасување кои опфаќаат урбанистичко-технички и хуманитарни мерки.

Согласно Законот за заштита и спасување („Службен весник на Република Македонија" број 93/12 - пречистен текст, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16, 83/18 и 215/21), мерките за заштита и спасување задолжително се применуваат во процесот на планирање и уредување на просторот и проектирање и изградба на објектите, на начин кој го уредува Владата со подзаконски акт.

Сеизмичките појави - земјотресите се доминантни природни непогоди во Државата, кои можат да имаат катастрофални последици врз човекот и природата. Присутни се низ вековите, на десет сеизмички жаришта во земјата или во нејзината поблиска и поширока околина. Земјотресите со умерени магнитуди (M<6,0) можат да предизвикаат сериозни разурнувања, бидејќи традиционално градените објекти, особено во руралните средини, не можат да ги издржат овие земјотреси без значителни оштетувања. Историските податоци покажуваат дека силните земјотреси генерирани на територијата на државата се проследени и со појава на колатерални хазарди (ликвификација, одрони, свлечишта, пукнатини, раседници, померувања), со доминантни одрони и свлечишта, што уште повеќе ги зголемува негативните последици на земјотресите.

Во досегашниот просторен развој на Републиката, природните богатства, географските, морфолошките и другите погодности имале доминантно влијание врз изградбата и уредувањето на нејзината територија, без оглед на присутните сеизмички ризици. Тоа создава конфликтна ситуација во која најголемите градови, најголем број на населението, индустриските капацитети и најзначајните комуникации, како што се коридорите север - југ и исток - запад, се лоцирани во зоните со најголема сеизмичност (интензитет од VII – X степени на МКС -64).

Локацијата за која се наменети условите за планирање на просторот се наоѓа во зона со VII степени по Меркалиевата скала на очекувани земјотреси.

Намалување на сеизмичкиот ризик може да се изврши со задолжителна примена на нормативно - правна регулатива, со која се уредени постапките, условите и барањата за постигнување на технички конзистентен и економски одржлив степен на сеизмичка заштита, кај изградбата на новите објекти.

Во инвестиционите проекти треба да се разработат мерките за заштита на човекот, материјалните добра и животната средина од природни катастрофи.

Неопходно е перманентно ажурирање на плановите за заштита од елементарни непогоди, кои согласно законските обврски постојат за целата територија на државата, поради присутниот сеизмички хазард, како и

изложеноста на други природни катастрофи. Со реализација на наведените приоритети се создаваат реални услови за успешна инженерска превенција и намалување на сеизмичкиот ризик на територијата на целата Држава, односно за ефикасен менаџмент на ефектите и вонредните состојби предизвикани од силните сеизмички сили.

За успешно функционирање *на заштитата од природни и елементарни катастрофи* во процесот на урбанистичко планирање потребно е да се преземат соодветни мерки за *заштита од пожари*, односно евентуалните човечки и материјални загуби да бидат што помали во случај на пожари.

Во однос на диспозицијата на противпожарната заштита, предметната локација во случај на пожар ќе ја опслужуваат противпожарни единици од градот Прилеп.

Во процесот на планирање потребно е да се води сметка за конфигурацијата на теренот, степен на загрозеност од пожари и услови кои им погодуваат на пожарите: климатско-хидролошките услови, ружата на ветрови и слично кои имаат влијание врз загрозеност и заштита од пожари.

Заради поуспешна заштита во урбанистички планови се превземаат низа мерки за отстранување на причините за предизвикување на пожари, спречување на нивното ширење, гаснење и укажување помош при отстранување на последиците предизвикани со пожари, кои се однесуваат на:

- изворите за снабдување со вода, капацитетите на водоводната мрежа и водоводните објекти кои обезбедуваат доволно количество вода за гаснење на пожари;
- оддалеченоста меѓу зоните предвидени за станбени и јавни објекти и зоните предвидени за индустриски објекти и објекти за специјална намена за сместување лесно запаливи течности, гасови и експлозивни материи;
- широчината, носивоста и проточноста на патиштата со кои ќе се овозможи пристап на противпожарни возила до секој објект и нивно маневрирање за време на гаснење на пожарите.

Заштитата од пожари опфаќа мерки и дејности од нормативен, оперативен, организационен, технички, образовно-воспитен и пропаганден карактер, кои се уредени со Законот за заштита и спасување, како и Уредбата за спроведување на заштитата и спасувањето од пожари.

При појава на природни стихии, како што се *поплавите*, секое организирано општество превзема активни и пасивни мерки за организирана одбрана.

Појавата на поплави првенствено е поврзана со природните езера и хидрографската мрежа, но најчестиот вид на поплави и најголемата опасност од нив, сепак, доаѓа од поројните водотеци. Согласно со ова за донесување на брзи, исправни и ефикасни одлуки неопходно е да се располага со:

- однапред разработен план;
- сигурни информации за состојбата во загрозеното подрачје;
- сигурни прогностички информации за очекуваните сосотојби;

Од метеоролошки појави со карактеристики на елементарни непогоди се манифестираат појавата на *град, луњени ветрови и магли.*

Едно од можните и неопходно потребни превентивни мерки за заштита од техничко - технолошки катастрофи е планирањето, кое преку осознавање и анализа на состојбите и опасностите од можните инциденти, во одржувањето на инсталациите и опремата, треба да создаде прифатлив однос кон животната средина.

Потребна е доследна примена на основните методолошки постапки за планирање и уредување на просторот:

- оценка на состојбите на природните компоненти на животната средина и степенот на загрозеност од појава на технички катастрофи;
- оценка на оптовареноста на просторот со технолошки системи со одредено ниво на ризик;
- анализа на меѓусебната зависност на природните услови и постојните технолошки системи;
- дефинирање на нивото на постојниот ризик при редовна секојдневна работа на технолошките системи и при појавата на инцидентни случаи;
- процена на загрозеноста на луѓето и материјалните добра;
- утврдување на критериумите за избор на оптимална варијанта на заштита врз основа на проценетиот степен на загрозеност.

Со примена на оваа методолошка постапка може де се очекува остварување на следните основни цели за заштита од техничко-технолошки катастрофи:

- максимално усогласување и користење на просторот од аспект на заштита во рамките на просторните можности;
- вградување на мерките на кои се заснова организацијата на заштита и спасување на човечките животи и материјалните добра од техничко-технолошки катастрофи во определувањето на намената на просторот;
- интегрирање на елементите на загрозеноста на прашањата врзани со заштитата на животната средина.

Заради постигнување на целосна заштита на луѓето, материјалните добра и потесната и пошироката животна средина постојат три нивоа на преземање на сигурносни, превентивни мерки:

Прво ниво: ги вклучува сите мерки кои се преземаат во одржувањето на опремата и инсталациите, заради сигурно користење на опасни материјали во технолошките процеси и одбегнување на технолошки катастрофи.

Второ ниво: се однесува на сите мерки кои треба да обезбедат ограничување на емисијата како последица од пожар, експлозија или ослободување на хемикалии, што може да се случи во околности на поголеми индустриски акциденти.

Трето ниво: вклучува мерки кои се преземаат за заштита на животната средина во смисла на ограничување на ефектите од емисија на опасни материи, или последици од пожар и експлозии.

При изработката на плановите од пониско ниво треба да се има предвид следното:

- Потребата од оформување на системот на евиденција и анализа на технолошките акциденти, компатибилен на системот МАРС на Европската

унија, како база за евиденција на опасни материјали, присутни во технолошките постројки и можни причини на катастрофи.

- Потребата од предвидување на превентивни мерки од страна на стопанските субјекти за спречување на технолошки катастрофи, базирани врз анализата на однесувањето на исти или слични постројки.
- Изработка на соодветни планови и програми за заштита на населението и едукација и тренинг на персоналот во случај на евентуална техничка катастрофа.

Насоки за потребата од спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина

Во процесот за проценка на влијанието на плановите, стратегиите и програмите врз животната средина и врз здравјето на луѓето (Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина-СОВЖС), покрај проценката на влијанијата се предвидуваат и мерки кои имаат за цел заштита на животната средина од сите можни влијанија и тоа уште во процесот на планирање и донесување одлуки за одредени стратегии, планови и програми, т.е. плански документи. Преку навремено спроведување на постапката за СОВЖС се обезбедува идентификување на потенцијалните позитивни и негативни влијанија од реализацијата на планскиот документ врз животната средина, а исто така се дефинираат и алтернативи и можни мерки за спречување, намалување и ублажување на негативните влијанија врз сите елементи на животната средина.

СОВЖС се подготвува во согласност со националната легислатива и одредбите од друга релевантна меѓународна легислатива, која е инкорпорирана во националната, во форма на законски и подзаконски акти и Конвенции, кои се ратификувани од страна на РСМ со посебни закони.

Целта на СОВЖС постапката е да се процени дали планскиот документ е во согласност со поставените цели за животна средина на национално и меѓународно ниво. Целите на стратегиската оцена на влијанието врз животната средина се прикажани преку статусот на: населението, социо-економски развој, човековото здравје, воздухот, климатските промени, водата, почвата, природното и културното наследство и материјалните добра.

Најдобро е процесот на стратегиска оцена на влијанието на планскиот документ да се одвива паралелно со развојот на планскиот документ, со цел навремено да се земат во предвид целите на животната средина при дефинирање на целите на самиот плански документ.

Постапката за сратегиска оцена на влијанието врз животната средина се спроведува во неколку фази, од кои првата е *Утврдување на потреба од спроведување на СОВЖС* (дали планскиот документ ќе има значителни влијанија врз животната средина) согласно со Уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето. Оваа фаза претставува изготвување на Одлуката за спроведување или неспроведување на СОВЖС. Органот кој го подготвува планскиот документ е должен да донесе Одлука за

спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена во која се образложени причините за спроведувањето, односно не спроведувањето согласно со критериумите врз основа на кои се определува дали еден плански документ би можел да има значително влијание врз животната средина и врз здравјето на луѓето.

Влијанијата, кои се претпоставува дека може да произлезат со имплементација на документацијата за предметниот простор, може да се разгледуваат од аспект на негативни влијанија и од аспект на идни бенефиции, односно позитивни влијанија, како и генерални мерки за заштита, намалување и ублажување на негативние влијанија се следните:

- Поставувањето на електричен кабел од 35 kV од трафостаница Прилеп 2 до трафостаница на фотонапонска централа, КО Заполжани, Општина Долнени, КО Врбјани, Општина Кривогаштани, КО Мало Коњари, КО Големо Коњари 1 и КО Варош, Општина Прилеп, во рамките на предвидениот опфат, се очекува да предизвика позитивни импулси и ефекти врз целото непосредно опкружување од аспект на повисока организација, инфраструктурна опременост и уреденост на просторот, социо-економски развој.
- Со поставување на електричен кабел од 35 kV од трафостаница Прилеп 2 до трафостаница на фотонапонска централа, КО Заполжани, Општина Долнени, КО Врбјани, Општина Кривогаштани, КО Мало Коњари, КО Големо Коњари 1 и КО Варош, Општина Прилеп, ќе има и негативни влијанија врз животната средина, во текот на подготвителните активности заради реализацијата на земјените работи и употреба на градежна механизација. Влијанијата што ќе се јават во фаза на поставување (емисии на штетни материи во воздухот, можни штетни влијанија врз почвата (директни и индиректни), емисии на бучава, отпад и влијанија врз флората и фауната), ќе бидат локални и со ограничен временски рок.
- Анализите на начинот на изведба, активностите кои би се одвивале во текот на поставување на електричен кабел од 35 kV од трафостаница Прилеп 2 до трафостаница на фотонапонска централа, КО Заполжани, Општина Долнени, КО Врбјани, Општина Кривогаштани, КО Мало Коњари, КО Големо Коњари 1 и КО Варош, Општина Прилеп и активностите кои би се превземале во насока на одржување во текот на експлоатациониот период, овозможуваат утврдување на изворот на евентуалните негативни влијанија врз животната средина во текот на двете фази. Мерки за заштита од овие влијанија се наведени во секторската област: заштита на животната средина.
- Неопходно е воспоставување и почитување на ефикасна контрола на користењето и уредувањето на земјиштето и утврдување на нормите и стандардите за градба. Меѓу приоритетните определби на Просторниот план е заштитата на земјоделското земјиште, а особено стриктното ограничување на трансформацијата на земјиштето од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.

- Предметниот опфат нема конфликт со постојните и планирани енергетски водови, радиокомуникациски и кабелски електронско комуникациски мрежи.
- На просторот за поставување на електричен кабел од 35 kV од трафостаница Прилеп 2 до трафостаница на фотонапонска централа, КО Заполжани, Општина Долнени, КО Врбјани, Општина Кривогаштани, КО Мало Коњари, КО Големо Коњари 1 и КО Варош, Општина Прилеп, нема регистрирано ниту евидентирано природно наследство. Доколку при изработка на документацијата или при уредување на просторот се дојде до одредени нови сознанија за природно наследство кое би можело да биде загрозено со урбанизацијата на овој простор, потребно е да се предвидат соодветни мерки за заштита на природното наследство согласно со законската регулатива.
- Во делот за заштита на културното наследство, културното наследство е наведено на ниво на катастарска општина, поради што при изработка на документацијата потребно е да се утврди дали на предметната локација има културно наследство и во таа смисла да се применат соодветните плански мерки за заштита на истото и да се постапи во согласност со постоечката законска регулатива.
- За предметниот простор не постои можност за појава на прекугранични влијанија, ниту во фазата на градба, ниту во фазата на експлоатација, поради доволната оддалеченост на предвидениот опфат од границите на Државата..
- Мерки за ублажување на негативните влијанија од евенуални несреќи и хаварии се наведени во секторската област: Заштита од воени разурнувања, природни и техничко-технолошки катастрофи.

При донесувањето на Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена за документацијата на предметниот простор за поставување на електричен кабел од 35 kV од трафостаница Прилеп 2 до трафостаница на фотонапонска централа, КО Заполжани, Општина Долнени, КО Врбјани, Општина Кривогаштани, КО Мало Коњари, КО Големо Коњари 1 и КО Варош, Општина Прилеп, задолжително да се земат во предвид претходно наведените забелешки, како и забелешките од секторските области опфатени со Просторниот план на Република Македонија.

Усогласување на планската документација со Просторниот план

Сите активности во просторот треба да се усогласат со насоките на Просторниот план на државата, особено значителните и оние кои се однесуваат на планирањето и изградбата на:

- Државните инфраструктурни системи (патишта, железници, воздушен сообраќај, телекомуникации);
- Енергетските системи, енерговоди и поголеми водостопански системи;
- Градежните објекти важни за Државата;
- Капацитетите на туристичката понуда;
- Стопанските комплекси и оние кои се однесуваат на поголеми концентрации (слободни економски зони);
- Капацитетите за користење на природните ресурси.

Просторните планови на регионите и подрачјата од посебен интерес и урбанистичките планови се усогласуваат со Просторниот план на Републиката, особено во однос на следните елементи:

- Намената и користењето на површините;
- **Мрежата на инфраструктура;**
- Мрежата на населби;
- Заштитата на животната средина.

Насоките на Просторниот план на Републиката во однос на намената и користењето на површините се однесуваат на заложбата при изработката на урбанистичките планови, површините за сите урбани содржини треба да се бараат исклучиво на површини од послаби бонитетни класи (над IV категорија).

Посебни мерки и активности за остварување на рационалното користење и заштита на просторот, како и посебни интереси на просторниот развој се:

- Обезбедување на спроведување на постојните закони и прописи со кои се заштитува просторот, ресурсите и националното богатство и се организира и уредува просторот со цел за вкупен развој.
- Рационално користење на подрачјата за градба и нивно проширување или формирањето на нови врз база на критериумите за изготвување на соодветна планска документација.
- Насоките и критериумите за уредување на просторот надвор од градежните подрачја треба да се утврдат со помош на стручни основи и упатствата од ресорите на земјоделството, водостопанството, шумарството и заштитата на животната средина.

ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА

Условите за планирање на просторот се наменети за поставување на електричен кабел од 35 kV, од трафостаница Прилеп 2 до трафостаница на фотонапонска централа, КО Заполжани, Општина Долнени, КО Врбјани, Општина Кривогаштани, КО Мало Коњари, КО Големо Коњари 1 и КО Варош, Општина Прилеп. Вкупната должина на трасата изнесува 16,5 km.

Должината на трасата за која што се издаваат условите за планирање на просторот изнесува 13.5 km. Останатиот дел од трасата поминува низ издадени Услови за планирање на просторот за:

- Урбанистички план вон населено место за стопански комплекс на локалитетот кој ги опфаќа КП 444, КП 445, КП 446, КП 448, КП 449, КП 451, КО Врбјани, Општина Кривогаштани, со тех.бр. Y30910.
- Државна урбанистичка планска документација за спортски аеродром Прилеп, КО Мало Коњаре, Општина Прилеп, со тех.бр. Y24315.
- Урбанистички план за село Мало Коњари, Општина Прилеп, со тех.бр. Y14409.
- ГУП Прилеп измена и дополна, со тех.бр. Y08406.
- Локална урбанистичка планска документација за Пумпна станица за водоснабдување на КП 4860, КП 3223/11, КП 4861, КП 4443/3, КП 4441/3, КП 4649, КП 4444/8, КП 4440/16, КП 4440/13, КП 4435/9, КП 4437 во м.в. Бегова Ливада, КО Варош и КО Прилеп, Општина Прилеп, со тех.бр. Y22709.

Трасата на кабелот се граничи со издадени Услови за планирање на просторот за Локална Урбанистичко-Планска Документација со основна класа на намена Е2-Комунална супраструктура, за изградба на објекти за производство на електрична енергија од алтернативни обновливи извори (биогас) со капацитет до 1 MW на дел од КП 16, КП 835, КП 836, и дел од КП 839, КО Заполжани, Општина Долнени, со тех.бр. Y07420.

Трасата се сече со траси за коишто има издадени:

- Услови за планирање на просторот за Проект за инфраструктура за изградба на Локален пат с. Славеј до с. Заполжани, Општина Кривогаштани и Општина Долнени, со тех.бр. Y25111,
- Услови за планирање на просторот за изградба на нов 10 (20) kV кабелски вод низ КП 439, КП 2184, КП 2186/1 КО Врбјани, Општина Кривогаштани, со тех.бр. Y33521.

Видот на планската документација да се усогласи со Законот за урбанистичко планирање и Правилникот за урбанистичко планирање.

Условите за планирање треба да претставуваат влезни параметри и насоки при поставување на планските концепции и решенија во сите области релевантни за планирањето на просторот, обработени во согласност со Просторниот план на Република Македонија.

При изработка на предметната документација треба да се земат во предвид горенаведените забелешки и следните поединечни заклучни

согледувања од секторските области опфатени со Просторниот план на Република Македонија.

Економски основи на просторниот развој

- Според определбите на Просторниот план, идниот развој и разместеност на производните и услужни дејности треба да базира на одржливост на економијата применувајќи ги законитостите на пазарната економија и релевантната законска регулатива од областа на заштитата на животната средина, особено превенција и спречување на негативните влијанија на економските активности врз животната и работна средина.
- Поставувањето на електричен кабел од 35 kV од трафостаница Прилеп 2 до трафостаница на фотонапонска централа, КО Заполжани, Општина Долнени, КО Врбјани, Општина Кривогаштани, КО Мало Коњари, КО Големо Коњари 1 и КО Варош, Општина Прилеп, ќе овозможи подобрување на инфраструктурните услови во ова подрачје и ќе биде во функција на унапредување на енергетскиот сектор.

Користење и заштита на земјоделско земјиште

- Согласно Просторниот план на Република Македонија просторот на Државата е поделен во 6 земјоделско стопански реони и 54 микрореони. Предметната локација припаѓа на Пелагонискиот реон кој има 10 микрореони.
- При изработка на планската документација, неопходно е воспоставување и почитување на ефикасна контрола на користењето и уредување на нормите и стандарди за градба. Меѓу приоритетните определби на Просторниот план е заштитата на земјоделското земјиште, а особено стриктното ограничување на трансформацијата на земјиштето од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.

Водостопанство и водостопанска инфраструктура

- Градот Прилеп се водоснабдува од бунарските подрачја: „Орушица Кишоица“, „Бегова Ливада“ и „Кошарка“ и од површински води – изворите: Лековo, Пештерица, Пашоски Ливади и Душница. За заштита на квалитетот на водата во извориштата изработен е „Елаборат за одредување на границите на заштитните зони околу водозафатните објекти за водоснабдување на Прилеп“ каде се дефинирани границите на заштитните зони и режимот на заштита во зоните. Трасата на електричниот кабел минува во границите на првата (зона на строг надзор), втората (зона на санитарно ограничување) и третата заштитна зона (зона на хигиенско – епидемиолошко следење и набљудување) на бунарските подрачја. При изработката на документацијата да се почитува режимот на заштита дефиниран со Елаборатот.

- **Трасата на електричниот кабел се наоѓа во Пелагониската Котлина каде се изградени системи за наводнување и одводнување на обработливото земјиште. При изработката на планската документација да се утврди местоположбата на постоечката и планираната инфраструктура за наводнување и да се предвидат мерки со што ќе се избегнат можните конфликти во функционирањето на кабелот и објектите од системот за наводнување.**

Енергетика и енергетска инфраструктура

- **Локацијата наменета за поставување на електричен кабел од 35 kV од трафостаница Прилеп 2 до трафостаница на фотонапонска централа, КО Заполжани, Општина Долнени, КО Врбјани, Општина Кривогаштани, КО Мало Коњари, КО Големо Коњари 1 и КО Варош, Општина Прилеп, нема конфликт со постојните и планирани преносни и конективни водови.**
- За електроенергетските корисници потребно е да се обезбеди сигурно и непрекинато снабдување со електрична енергија со напон кој ќе биде во дозволените граници.

Урбанизација и мрежа на населби

- **Реализацијата на документацијата за поставување на електричен кабел од 35 kV од трафостаница Прилеп 2 до трафостаница на фотонапонска централа, КО Заполжани, Општина Долнени, КО Врбјани, Општина Кривогаштани, КО Мало Коњари, КО Големо Коњари 1 и КО Варош, Општина Прилеп, ќе предизвика позитивни импулси и ефекти врз целото непосредно окружување од аспект на повисока организација, инфраструктурна опременост и уреденост на просторот, доколку е базирана врз принципите на одржлив развој и се одликува со максимално почитување и вградување на нормативите и стандарди за заштита на животната средина.**
- **Поставувањето на водот ќе обезбеди поквалитетни услуги за снабдување на домаќинствата со електрична енергија во овој дел на Република С.Македонија.**

Домување

- Иницијативата за поставување на електричен кабел од 35 kV од трафостаница Прилеп 2 до трафостаница на фотонапонска централа, КО Заполжани, Општина Долнени, КО Врбјани, Општина Кривогаштани, КО Мало Коњари, КО Големо Коњари 1 и КО Варош, Општина Прилеп, е во функција на обезбедување поквалитетни услуги за снабдување на домаќинствата со електрична енергија во овој дел на Република С.Македонија, со што се овозможува квалитативно и квантитативно подигнување на комуналната опременост на станот како негова основна клетка.

Јавни функции

- **Иницијативата за поставување на електричен кабел од 35 kV од трафостаница Прилеп 2 до трафостаница на фотонапонска централа, КО Заполжани, Општина Долнени, КО Врбјани, Општина Кривогаштани, КО Мало Коњари, КО Големо Коњари 1 и КО Варош, Општина Прилеп, е надвор од урбаниот опфат на населбите, така што нема препораки и обврски за организација на јавни функции (локации со намена образование, култура, здравство и спорт и рекреација), што значи дека се исклучени можностите за било каков конфликт помеѓу два типа на функции.**

Индустрија

- *Со планскиот и организиран начин на ширење на инфраструктурата* и создавањето на други погодни услови за локација на производни капацитети во просторот околу општинските центри и во поширокиот рурален простор, се обезбедуваат основи врз кои може да се очекува да се остварува просторната разместеност на индустријата, преку моделот на концентрираната дисперзија.
- **Поставувањето на електричен кабел од 35 kV од трафостаница Прилеп 2 до трафостаница на фотонапонска централа, КО Заполжани, Општина Долнени, КО Врбјани, Општина Кривогаштани, КО Мало Коњари, КО Големо Коњари 1 и КО Варош, Општина Прилеп, ќе биде во функција на унапредување на енергетскиот сектор.**

Сообраќајна инфраструктура

- **Според Просторниот план на Република Македонија автопатската и магистрална патна мрежа релевантна за предметниот простор е:**

  А3 (М-5) - (Крстосница Требениште - врска со А-2 - крстосница Подмоље - Охрид - Косел - Ресен - Битола - Прилеп - Велес - Штип-Кочани - Делчево - граница со Бугарија - граничен премин Рамна Нива), делница Битола-крстосница Кукуречани-граница со Грција-граничен премин Меџитлија-делница Косел-врска со А-3-Охрид-граница со Албанија-граничен премин Љубаниште;
- **Релевантен регионален патен правец за предметната локација влегува во групата на регионални патишта "Р1" и е со ознака:**

  Р1306- (Прилеп-врска со Р1303 –Кривогаштани-Крушево-Сладуево-врска со Р1305);
- **При изработка на планската документација од аспект на безбедноста во Патниот сообраќај, да се почитуваат Законот за јавни патишта, законската регулатива во делот на "заштитната зона на патот" согласно Законот за јавни патишта, како и важечките Законски и подзаконски акти кои ја допираат оваа област.**

Радиокомуникациска и кабелска електронско комуникациска мрежа

- **Трасата за поставување на електричен кабел од 35 kV, од трафостаница Прилеп 2 до трафостаница на фотонапонска централа, КО Заполжани,**

Општина Долнени, КО Врбјани, општина Кривогаштани, КО Мало Коњари, КО Големо Коњари 1 и КО Варош, Општина Прилеп, нема конфликт со постојните и планирани радиокомуникациски и кабелски електронско комуникациски мрежи.

- Преку кабелските електронски комуникациски мрежи, на крајните корисници треба да им се обезбеди сигурен пренос на јавни електронски комуникациски услуги со задоволување на одредени општи и посебни услови за квалитет, во согласност со Законот за електронските комуникации и препораките за обезбедување на одредено ниво на квалитет на пренос.

Заштита на животна средина

- **Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина за поставување на електричен кабел од 35 kV од трафостаница Прилеп 2 до трафостаница на фотонапонска централа, КО Заполжани, Општина Долнени, КО Врбјани, Општина Кривогаштани, КО Мало Коњари, КО Големо Коњари 1 и КО Варош, Општина Прилеп, потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во законската регулатива од областа на заштита на животната средина и подзаконските акти донесени врз нивна основа.**
- Да се внимава да не дојде до искористување на земјиштето на начин и обем со кој би се загрозиле неговите природни вредности.
- Потенцијалната ерозија на земјиштето треба да се спречи со што е можно побрзо завршување на земјените активности, покривање на околниот терен со вегетација и оградувања на нагибите.
- Озеленување на површините во непосредна близина на трасата (со автохтони видови), со цел да се добие разновиден и богат пејзаж во една просторно - естетска и функционална целина.
- Да се превземат активности за намалување на бучавата и вибрациите од опремата, со цел да се избегнат негативните ефекти од бучавата и да се почитуваат пропишаните гранични вредности за дозволено ниво на бучава во животната средина.
- Помошните и пратечките градежни објекти (магацински објекти за материјали, алати и гориво, и други помошни објекти), кои ќе се користат во фазата на поставување, треба да бидат лоцирани на поголеми растојанија од коритата на водотеците и површините под шуми, квалитетни земјоделски површини, населени места и заштитено и предложено за заштита природно наследство.
- Да се следи и контролира присуството на загадувачки материи во воздухот со цел да се одржи квалитетот на воздухот во граници на дозволените нивоа на емисии.
- Организирано управување со отпадот со цел да се минимизира негативното влијание врз животната средина, животот и здравјето на луѓето.
- Создавачот и/или поседувачот на отпадни материи и емисии ги сноси сите трошоци за санација на евентуално предизвиканите нарушувања во животната средина.

Заштита на природното наследство

- **Согласно Студијата за заштита на природното наследство, изработена за потребите на Просторниот план на Република Македонија, на просторот за поставување на електричен кабел од 35 kV од трафостаница Прилеп 2 до трафостаница на фотонапонска централа, КО Заполжани, Општина Долнени, КО Врбјани, Општина Кривогаштани, КО Мало Коњари, КО Големо Коњари 1 и КО Варош, Општина Прилеп, нема регистрирано ниту евидентирано природно наследство.**
- Доколку при изработка на документацијата за предметниот простор или при уредување на просторот се дојде до одредени нови сознанија за природно наследство кое би можело да биде загрозено со урбанизацијата на овој простор, потребно е да се предвидат соодветни мерки за заштита на природното наследство согласно Законот за заштита на природата.

Заштита на културно наследство

- **Согласно податоците од Експертниот елаборат за заштита на културното наследство и Археолошката карта на Република Македонија[2] на подрачјето на катастарските општини Заполжани, Врбјани, КО Големо Коњари и Варош има евидентирани недвижни споменици на културата и археолошки локалитети. На подрачјето на катастарската општина Мало Коњари нема евидентирани недвижни споменици на културата и археолошки локалитети.**
- При изработка на документацијата од пониско ниво да се утврди точна локација на евидентираното културно наследство и во таа смисла да се применат соодветните плански мерки за заштита на истото.
- **Доколку при изведување на земјаните работи се наиде на археолошки артефакти, односно дојде до откривање на материјални остатоци со културно-историска вредност, потребно е да се постапи во согласност со постоечката законска регулатива (Закон за заштита културното наследство - „Службен весник на Република Македонија" број 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18 и 20/19), односно веднаш да се запре со отпочнатите градежни активности и да се извести надлежната институција за заштита на културното наследство.**

Туризам и организација на туристички простори

- **Предметната локација за која што се наменети Условите за планирање, припаѓа на Пелагониски туристички регион во кој се утврдени 9 туристички зони со 25 туристички локалитети.**
- Согласно поставките на Концептог и критериумите за развој и организација на туристичката дејност, за непречен развој на вкупната туристичка понуда на ова подрачје, се препорачува, при идната организација на стопанските дејности да се почитуваат критериумите за заштита и одржлив економски развој.

[2] МАНУ Скопје, 1996г.

Заштита од воени разурнувања, природни и техничко-технолошки катастрофи

- Локацијата за која се наменети условите за планирање на просторот за поставување на електричен кабел од 35 kV, од трафостаница Прилеп 2 до трафостаница на фотонапонска централа, КО Заполжани, Општина Долнени, КО Врбјани, Општина Кривогаштани, КО Мало Коњари, КО Големо Коњари 1 и КО Варош, Општина Прилеп, се наоѓа во простори со висок степен на загрозеност од воени дејства и индиректно загрозени простори од воени дејства. Според тоа во согласност со Законот за заштита и спасување, задолжително треба да се применуваат мерките за заштита и спасување.
- Задолжителна примена на мерки за заштита од пожар.
- Анализираниот простор се наоѓа во подрачје каде се можни потреси со јачина до VII степени по МКС, што наметнува задолжителна примена на нормативно-правна регулатива, со која се уредени постапките, условите и барањата за постигнување на технички конзистентен и економски одржлив степен на сеизмичка заштита, кај изградбата на новите објекти.

Насоки за потребата од спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина

- При донесувањето на Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена за документацијата на предметниот простор за поставување на електричен кабел од 35 kV од трафостаница Прилеп 2 до трафостаница на фотонапонска централа, КО Заполжани, Општина Долнени, КО Врбјани, Општина Кривогаштани, КО Мало Коњари, КО Големо Коњари 1 и КО Варош, Општина Прилеп, задолжително да се земат во предвид насоките за потреба од спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина, како и забелешките и заклучоците од секторските области опфатени со Просторниот план на Република Македонија.

ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
2002 - 2020

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Сектор:
Синтезни карти

Тема:
Биланс на намена на површините

Користење на земјиштето

Карта бр. 20

Легенда:

- шуми и шумско земјиште
- земјоделско земјиште
- наводнувани површини
- високопланински пасишта
- акумулации
- зони за експлоат. на минерали
- туристички простори
- транзитни коридори
- туристички центри
- автопат
- магистрален пат
- регионален пат
- железничка мрежа
- воздухопловно пристаниште



ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
2002 - 2020

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Сектор:
Синтезни карти

Тема:
Просторно-функционална организација

Систем на населби и сообраќајна мрежа

Карта бр. 22

Легенда:

- Центар на макрорегион
- Центар на микрорегион
- Центри на просторно-функционални единици
- Управа
- Просторно-функц. единици
- Граници на влијанија на макрорегион. центри
- Општински центар

Образование
- Средно
- Вишо
- Високо

Здравствена заштита
- 2 Секундарна
- 3 Терцијална

Оски на развој
- источна
- јужна
- север-југ
- северна
- западна

- Слободна економ.зона
- Автопат
- Магистрален пат
- Регионален пат
- Железничка мрежа
- Воздухоплов. пристан.
- Стопански аеродром
- Спортски аеродром



ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
2002 - 2020

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Сектор:
Синтезни карти

Тема:
Техничка инфраструктура

Водостопанска и енергетска инфраструктура

Карта бр. 23

Легенда:

- Извориштa
- Водоводен систем
- Регионален водост. систем
- Акумулации
- Акумулации по 2020г.
- Природни езера
- Наводнувани површини
- Водостопански подрачја
- Термоелектрани
- Хидроелектрани

Далноводи
- 110 kV
- 220 kV
- 400 kV

Трафостаници
- 110 kV
- 220 kV
- 400 kV

- Рафинерија
- Нафтовод
- Индустриски топлани
- Рудник на јаглен
- Брикетара
- Гасовод
- Регулациони станици
- Канализационен систем



ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
2002 - 2020

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Сектор:
Синтезни карти

Тема:
Заштита на животната средина

Реонизација и категоризација на просторот за заштита

Карта бр. 24

Легенда:

- Граници на региони за управување со животната средина
- Заштита на простори со природни вредности
- Рекултивација на деград. простори
- Управување со загад. на воздух и вода
- Заштита на реки со нарушен квалитет
- Заштита на акумулации и реки за водозафати
- Рекултивација на деградирани простори
- Заштита на земјоделско земјиште
- Заштита на шуми
- Поволни подрачја за лоцирање регионални санитарни депонии
- Поволни хидрогеолошки средини за лоцирање на депонии
- Споменичко подрачје
- Археолошки локалитети
- Споменички целини



РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПРИЛЕП

СЕКТОР ЗА УРБАНИЗАМ

број 10-434/2
10.02.2023год.
Прилеп

До
ПРО-ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ с.Жеровјане-
Боговиње - ТЕТОВО

ПРЕДМЕТ: Информација

Почитувани,

Согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр.32/2020), член 47, Ве известуваме дека дел од предложениот проектен опфат за изработка на Урбанистички проект за инфраструктура со намена Е1.8-водови за пренос на електрична енергија,за електричен кабел од 35kV, од трафостаница нафотонапонска централа до трафостаница Прилеп 2 ,КО Заположани, општинаДолнени, КО Врбјани-општина Кривогаштани, КО Мало Коњари, КО Големо Коњари1 и КО Варош-општина Прилеп, влегува во плански опфат на Генерален урбанистички план на град Прилеп и донесен детален урбанистички план за УЕ 20,УБ20.06 по1 –ЕВН .Друга урбанистичко планска или проектна документација во проектниот опфат од страна на Општина Прилеп нема донесено.

Изработил:Панда Ризоска
Panda Rizoska
Digitally signed by Panda Rizoska
DN: C=MK, OID.2.5.4.97=VATMK-4021004146230 + O=OPShTINA PRILEP Prilep, OU=OPShTINA PRILEP Prilep: 4021004146230, G=Panda + SN=Rizoska + SERIALNUMBER=CRT3633909 + CN=Panda Rizoska
Reason: I am the author of this document
Location: your signing location here
Date: 2023.02.10 12:23:10+01'00'
Foxit PDF Reader Version: 11.2.1

Контролирал:Татјана Попоска
Tatjana Poposka
Digitally signed by Tatjana Poposka
DN: cn=Tatjana Poposka c=MK o=Makedonski Telekom ou=OPShTINA PRILEP Prilep :4021004146230
Reason: I am the author of this document
Location:
Date: 2023-02-10 13:07+01:00

Раководител
на Сектор за урбанизам,комунални работи
и заштита на животната средина
Бранко Нешкоски
Branko Neshkoski
Digitally signed by Branko Neshkoski
DN: C=MK, OID.2.5.4.97=VATMK-4021004146230 + O=OPShTINA PRILEP Prilep, OU=OPShTINA PRILEP Prilep:4021004146230, G=Branko + SN=Neshkoski + SERIALNUMBER=CRT3653009 + CN=Branko Neshkoski
Reason: I am the author of this document
Location: your signing location here
Date: 2023.02.14 04:05+01'00'
Foxit Reader Version: 10.1.1

ОПШТИНА ДОЛНЕНИ/KOMUNA E DOLLNENIT
Локална самоуправа/Vetqeverisja lokale

бр.03-248/1 од 14.02.2023 година

ОПШТИНА ДОЛНЕНИ
KOMINA E DOLLNENIT
Локална самоуправа
Vetqeverisja lokale

7504, Долнени - Dollnen
Тел. (048) 453 210
Факс. (048) 453 210
info@opstinadolneni.gov.mk
www.opstinadolneni.gov.mk

До/Deri te: **ПРО-ИНЖИНЕРИНГ ДООЕЛ**
с.Жеровјане-Боговиње

Предмет/Lënda: ИНФОРМАЦИЈА

Почитувани/Të nderuar,

Согласно член 47 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр.32/2020), Ве известуваме дека дел од предложениот проектен опфат за изработка на Урбанистички проект за инфраструктура со намена Е1.8-водови за пренос на електрична енергија,за електричен кабел од 35kV, од трафостаница нафотонапонска централа до трафостаница Прилеп 2 ,КО Заположани, општинаДолнени, КО Врбјани-општина Кривогаштани, КО Мало Коњари, КО Големо Коњари1 и КО Варош-општина Прилеп, влегува во донесената Локална урбанистичка планска документација (ЛУПД) за изградба на објекти за производство на електрична енергија од алтернативни извори, со намена Е2 - комунална супраструктура, на дел од КП 16, КП 835, КП 836 и дел од КП 839, КО Заполжани, општина Долнени.

Со почит/Me respekt,

УРИМ ИБЕСКИ/URIM IBESKI
Градоначалник/Kryetari
ОПШТИНА ДОЛНЕНИ/KOMUNA E DOLLNENIT

Urim Ibeski

Digitally signed by Urim Ibeski
DN: c=MK, ou=VAT - 4021004146362, ou=ELS, 2.5.4.97=NTRMK-5995108, o=Opstina Dolneni, serialNumber=165562, title=Gradonacalnik, sn=Ibeski, givenName=Urim, cn=Urim Ibeski
Date: 2023.02.14 11:52:20 +01'00'

Општина Кривогаштани

ул.Филип Втори бр.84 Кривогаштани тел ++38948471280
opstina_krivogastani@yahoo.com www.krivogastani.com

До
ПРО-ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ с.Жеровјане
Боговиње - Тетово

Број 24-8
15.02.2023 година
Кривогаштани

Предмет: Информација

Почитувани,

Согласно законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр.32/2020), член 47, Ве Известуваме дека дел од предложениот проектен опфат за изработка на Урбанистички проект за инфраструктура со намена Е1.8-водови за пренос на електрична енергија, за електричен кабел од 35Kv, од трафостаница нафотонапонска централа до трафостаница Прилеп 2, КО Заполжани, општина Долнени, КО Врбјани-општина Кривогаштани, КО Мало Коњари, КО Големо Коњари 1 и КО Варош-општина Прилеп влегува во Урбанистички план вон населено место за стопански комплекс на локалитетот кој ги опфаќа КП 444, КП 445, КП 446, КП 448, КП 449, КП 451, КО Врбјани општина Кривогаштани како и во Планска програма за изменување, дополнување и проширување на планскиот опфат на Урбанистички план вон населено место за стопански комплекс на локалитетот кој ги опфаќа КП 444, КП 445, КП 446, КП 448, КП 449, КП 450 и КП 451, КО Врбјани општина Кривогаштани за кои е отпочната постапка за прибавување на услови за планирање.

Изработил: ДИА Фаница Гогол

Makedonski Telekom CA, Fanica Gogol
Digitally signed by Makedonski Telekom CA, Fanica Gogol
Date: 2023.02.15 15:41:45 +01'00'

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ОПШТИНА - ПРИЛЕП

ИЗВОД ОД ПЛАН БРОЈ: /
(број на извод)

БРОЈ: 10-533/2 од 23.02.2023 год.
(архивски број) (датум)

РП: Регулациски план за четврт 5., блок 5.2
(наслов на план и плански период)

Сектор за урбанизам, комунални работи и заштита на животна средина
(име на надлежен сектор во општината)

Одлука бр.: 09-1644/17 од 29.06.2021 год.
(број и датум на Одлука со која е донесен планот)

М 1: 5000
(размер)

ИЗВОДОТ ЗА КП 6051-дел,КП4861-дел,КП3967-дел,КП2815,КП2816,КП2800,КП2797, сите во КО Варош во четврт 5,блок 5.2
(блок/ четврт/ урбана единица/ катастарска парцела во катастарска општина/ улица - сообраќајница/ цел плански опфат)

СОДРЖИ:

1. ГРАФИЧКИ ДЕЛ

* Заверена копија од синтезен план во идентична форма со граница на плански опфат за кој се однесува барањето за извод со:

- легенда
- профили на примарна сообраќајна и друга инфраструктура
- табела со билансни показатели
* По потреба и заверена копија од други прилози со легенда

2. ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ

* Заверена копија од: општите и посебните услови за просторен развој, параметри за споредување на планот, плански услови за детално планирање на просторот и мерки за заштита на културно наследство, на природата и животната средина, мерки за заштита и спасување, мерки за движење на хендикепирани лица и сл.
* По потреба и заверена копија од други услови;

изготвил: Панда Ризоска

Татјана Петреска

Република Северна Македонија Градоначалник Општина Прилеп

М.П.

Раководител на Сектор за урбанизам, комунални работи и заштита на животната средина

Бранко Нешковски



диспозиција на КП 6051-дел,КП4861-дел,КП3967-дел,КП2815,КП2816,КП2800, КП2797, сите во КО Варош во четврт 5.блок 5.2

Пресек 1



ГРАДСКА МАГИСТРАЛНА УЛИ
„ОБИКОЛНИЦА - ЗАПАД

БЛОК	ПОВРШИНА НА БЛОК (m²)	ПОВРШИНА НА БЛОК (ha)	РЕДЕН БРОЈ	КЛАСА НА НАМЕНА	ПОВРШИНА НА ЗЕМЈИШТЕ (m²)	ПОВРШ ЗЕМЈ (h
5.2.5	23121 m²	2,31 ha	1	Е3 - НЕКОМПАТИБИЛНА ИНФРАСТРУКТУРА	18167 m²	

ЛЕГЕНДА

ПОВРШИНА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ (БЛОК 5.2)
ПЛАНСКИ ОПФАТ
P = 54,71 ha

ГРАНИЦА НА ГУП НА ГРАД ПРИЛЕП 2013 – 2023

ГРАНИЦА НА ЧЕТВРТ 5

ГРАНИЦА НА БЛОК

5.2.1 НУМЕРАЦИЈА НА БЛОК

ГРАНИЦА НА НАМЕНСКА ЗОНА

РЕГУЛАЦИОНА ЛИНИЈА НА ПРИМАРНА СООБРАЌАЈНА МРЕЖА ЗАДАДЕНА СО ГУП

РЕГУЛАЦИОНА ЛИНИЈА

ЕЛЕМЕНТИ ЗА ОБЛИКУВАЊЕ НА СООБРАЌАЈНИЦИ

ОСКА НА СООБРАЌАЈНИЦА

I=0,47% L=238,69m НИВЕЛАЦИЈА

641,12 m ВИСИНСКА КОТА

110 kV ПОСТОЈНИ ВОЗДУШНИ ВН 110 kV ЕЛЕКТРОЕНЕРГЕТСКИ ВОДОВИ СО ПЛАНИРАН ЗАШТИТЕН ПОЈАС

35 kV ПОСТОЈНИ ВОЗДУШНИ СН 35 kV ЕЛЕКТРОЕНЕРГЕТСКИ ВОДОВИ СО ПЛАНИРАН ЗАШТИТЕН ПОЈАС

35 kV ПОСТОЈНИ ПОДЗЕМНИ СН 35 kV ЕЛЕКТРОЕНЕРГЕТСКИ ВОДОВИ

10 (20) kV ПОСТОЈНИ ВОЗДУШНИ СН 10 (20) kV ЕЛЕКТРОЕНЕРГЕТСКИ ВОДОВИ

ПОСТОЈНИ ПОДЗЕМНИ СН 10 (20) kV ЕЛЕКТРОЕНЕРГЕТСКИ ВОДОВИ

ПЛАНИРАНИ ПОДЗЕМНИ СРЕДНОНАПОНСКИ ЕЛЕКТРОЕНЕРГЕТСКИ ВОДОВИ

ПОСТОЈНА 110/35/10(20) kV ТРАФОСТАНИЦА ТС „ПРИЛЕП 2"

ПОСТОЈНА 10(20)/0,4 kV ТРАФОСТАНИЦА

СКЛАДИШТЕ ЗА ДЕРИВАТИ

НАМЕНА НА ПОВРШИНИ

А – ДОМУВАЊЕ

А – ДОМУВАЊЕ /ГРУПА НА НАМЕНИ/

Г – ПРОИЗВОДСТВО, ДИСТРИБУЦИЈА И СЕРВИСИ

Г – ПРОИЗВОДСТВО, ДИСТРИБУЦИЈА И СЕРВИСИ /ГРУПА НА НАМЕНИ/

Д – ЗЕЛЕНИЛО И РЕКРЕАЦИЈА

Д2 – ЗАШТИТНО ЗЕЛЕНИЛО

Е – ИНФРАСТРУКТУРА

Е1 – КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА /СООБРАЌАЈНИЦИ/

Е2 – КОМУНАЛНА СУПРАСТРУКТУРА /БЕНЗИНСКА ПУМПНА СТАНИЦА/

Е3 – НЕКОМПАТИБИЛНА ИНФРАСТРУКТУРА

СООБРАЌАЈНИ ПОВРШИНИ

АСФАЛТИРАН КОЛОВОЗ

ТРОТОАР / ПЕШАЧКА УЛИЦА

ВЕЛОСИПЕДСКА ПАТЕКА

СООБРАЌАЈНО ЗЕЛЕНИЛО

КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА

ПОСТОЕН ВОДОВОД

К27 ПОСТОЕН ХИДРОСИСТЕМ - СЕКУНДАРЕН ЦЕВКОВОД СО ПЛАНИРАН ЗАШТИТЕН ПОЈАС

К - 28/1 ПОСТОЕН ХИДРОСИСТЕМ - ТЕРЦИЈАЛЕН ЦЕВКОВОД СО ПЛАНИРАН ЗАШТИТЕН ПОЈАС

ПЛАНИРАН ВОДОВОД

ПОСТОЈНА ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА

ПЛАНИРАНА ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА

ПЛАНИРАНА АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА

ПОСТОЈНИ ТЕЛЕКОМУНИКАЦИСКИ ВОДОВИ

ПЛАНИРАНИ ТЕЛЕКОМУНИКАЦИСКИ ВОДОВИ

(РАЗРАБОТЕНО СО РПН 2020 - 2023 ЗА БЛОК 5.2 ОД ГУП ПРИЛЕП 2013-2023)

БЛОК	ПОВРШИНА НА БЛОК (m²)	ПОВРШИНА НА БЛОК (ha)	РЕДЕН БРОЈ	КЛАСА НА НАМЕНА	ПОВРШИНА НА ЗЕМЈИШТЕ (m²)	ПОВРШИНА НА ЗЕМЈИШТЕ (ha)	ПРОЦЕНТНА ЗЕМЈИШТЕНА КЛАСА НА НАМЕНА ВО БЛОК (%)
5.2	5470[illegible]3 m²	54,71 ha	1	А - ДОМУВАЊЕ /ГРУПА НА НАМЕНИ/	107386 m²	10,74 ha	19,63%
			2	Г - ПРОИЗВОДСТВО, ДИСТРИБУЦИЈА И СЕРВИСИ /ГРУПА НА НАМЕНИ/	315440 m²	31,54 ha	57,66%
			3	Е2 - КОМУНАЛНА СУПРАСТРУКТУРА /БЕНЗИНСКА ПУМПНА СТАНИЦА/	1780 m²	0,18 ha	0,33%
			4	Е3 - НЕКОМПАТИБИЛНА ИНФРАСТРУКТУРА	33093 m²	3,31 ha	6,05%
			7	Д2 - ЗАШТИТНО ЗЕЛЕНИЛО	16113 m²	1,61 ha	2,95%
			8	Е1 - КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА /СООБРАЌАЈНИЦИ/	73241 m²	7,32 ha	13,39%

Пресек 5



БЛОК	ПОВРШИНА НА БЛОК (m²)	ПОВРШИНА НА БЛОК (ha)	ПРОЦЕНТ ВО ОДНОС НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ (%)
5.2.1	74969 m²	7,50 ha	13,70%
5.2.2	22192 m²	2,22 ha	4,06%
5.2.3	119111 m²	11,91 ha	21,77%
5.2.4	29083 m²	2,91 ha	5,32%
5.2.5	23121 m²	2,31 ha	4,23%
5.2.6	17812 m²	1,78 ha	3,26%
5.2.7	14114 m²	1,41 ha	2,58%

решение ќе го дефинира Општината според интересот и можностите за финансирање.

Комунална инфраструктура се планираат со вкупна површина под градба од 64м^2 и вкупна бруто развиена површина од 64 м^2

Некомпатибилна инфраструктура се планира со вкупна површина под градба од 9237м^2 и вкупна бруто развиена површина од 27711 м^2

4.1.8. Општи услови за изградба

Општите услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите важат за целата површина на планскиот опфат и служат за спроведување на Деталниот урбанистичкиот план, односно за изготвување на извод од урбанистички план и услови за изработка на архитектонско урбанистички проекти.

1. Општите услови и графичките прилози се составен дел на Планот и имаат правно дејности само врз градителска активност која ќе уследи по стапување во сила на Деталниот урбанистички план.
2. Објектите кои се изградени се евидентирани на ажурирани геодетски подлоги во Документационата основа на планот, се третираат како постојна состојба.
3. Општите услови се применуваат во рамките на утврдената граница на планскиот опфат, а посебните услови се однесуваат на Блок и градежна парцела поединечно.
4. Надградби и доградби на постојните објекти може да се реализираат само по добиено мислење од компетентна институција дека постојниот односно реконструираниот конструктивен систем на објектот може да издржи таква надградба.
5. Во табеларниот приказ што е составен дел на посебните услови за изградба,прикажани се сите градежни парцели групирани по урбани делови и дефинирани со:
    - број на градежна парцела;
    - површина на градежна парцела (м^2)
    - површина за градење (м^2)
    - процент на изграденост (%);
    - вкупна површина по катови (м^2)
    - коефициент на искористеност (К);
    - намена на земјиштето и градбите;
    - мах. висина на градбата (м');
    - мах. број на катови;
    - потребен број на паркинг места.

Сите овие одредби се одредени согласно Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр. 142/10, 64/11, 98/11 и 169/11).

6. Со планот се одредени следните услови:
    - облик и големина на градежна парцела (м2);
    - градежни линии кои го дефинираат просторот во кој може да се гради;
    - површина за градба во која може да се развие основата на објектот (м2);
    - процент на изграденост (%);
    - вкупна површина по катови (м2);

- коефициент на искористеност (к);
- намена на објектот;
- мах.висина на објектот од нулта кота на заштитниот тротоар-мах.висина
- на венец (м');
- мах.број на катови;
- врста на кров;
- насоки за архитектонско обликување;
- паркирање-гаражирање на возилата.

7. Паркирање – гаражирање на моторни возила да се реши во рамките на парцелите ако поинаку не е образложено.
8. Површината за градба во работна зона, со намена лесна и незагадувачка индустрија и сервиси се дефинира по претходно дефинирана проектна програма.
9. За објектите во рамките на планираната површина за градба, може да се изградат еден или повеќе објекти во зависност од потребите и предвидената технологија.
10. Во градежните парцели во кои се планираат повеќе објекти, габаритите на објектите, ќе се дефинираат со изработка на архитектонско-урбанистички проекти по претходно дефинирана проектна програма а во границите на планираната површина за градба.
11. Се предвидува можност, во секоја градежна парцела, поставување на фотоволтаични централи за производство на електрична еенргија, а местоположбата и површината ќе се дефинира со изработка на архитектонско-урбанистички проект.
12. Секоја градба или комплекс од градби, за кои има потреба од водоснабдување, да се поврзе со водоводната мрежа во приклучна шахта (армиранобетонска, со прописен капак на отворот), поставена во сопствената градежна парцела. Приклучокот со примарниот вод да се изврши према важечките стандарди и нормативи за тој вид инфраструктура.
13. Секоја градба да се поврзе со инфраструктурната канализациска мрежа за одведување на атмосферските води во приклучна шахта (армиранобетонска, со прописен капак на отворот), поставена на пресекот со осовината на примарниот одводен канал.
14. Архитектонското обликување на објектите зависи од намената и функцијата. За компонирање на фасадите максимално да се почитува индивидуалноста на сопственикот и креативнсота на архитектот.
15. Градежната линија се спроведува со дозволени пречекорувања од страна на издадените елементи од архитектонската пластика на градбите.
16. Кога градежната линија се совпаѓа со границата на градежната парцела со соседот не се дозволени пречекорувања на градежната линија со ниту еден вид архитектонски издатини.
17. Доколку градежната линија се совпаѓа со регулационата линија, дозволени пречекорувања се:

-првиот скалник од влезните партии до 30 см ако ширината на тротоарот е поголема од 2,00 см,

-првостепена пластика во која спаѓаат: ризалити, влезни партии, конструктивни столбови, вертикални комуникации и други издадени делови на архитектонската основа до 30 см ако широчината на тротоарот е поголема од 2,00 м,

-второстепена пластика во која спаѓаат: еркери, балкони, конзоли, стреи, брисолеи и др. кои се појавуваат помеѓу првиот спрат и горниот венец до 90 см длабочина за уличен коридор широк до 12 м и до 7,5% од широчината на

коридорот, но не повеќе од 1,50 м длабочина. Елементите на второстепената архитектонска пластика не се појавуваат на фасадата на градбата најмалку 3,60 м над котата на тротоарот,

-третостепена пластика во која спаѓаат: пиластри, корнизи, подпрозорници, венци и друга плитка архитектонска пластика до 30 см.

18. Кога површините за градење од страната на градежната парцела се на растојание од 3 м и помало не се дозволени пречекорувања на градежната линија со прво и второ степена пластика.
19. Бруто развиената површина за градба е презентирана без површината од можни конзол,еркери и сл.
20. Процентот од вкупната должина или површина од фасадата кој може да го зафати одреден тип архитектонска пластика, да изнесува до 70 % од површината на фасадата.
21. Минималното растојание на второстепената пластика од соседот при калканско спојување на соседните градби треба да изнесува најмалку 10% од должината на уличната фасада на објектот, но не помалку од изведеното конзолно или еркерно пречекорување. Забараната за испуштање елементи од второстепена пластика во зоната на калканско поврзување на објектите не се однесува на објекти кои се градат на повеќе здружени парцели ниту пак за оние за кои постои согласност помеѓу соседите.
22. Максимална височина на градбата се изразува како вертикално растојание помеѓу тротоарот и завршниот венец на градбата за онаа страна од површината за градење која гледа кон лицето на градежната парцела. Доколку тротоарот долж лицето на парцелата е во пад, максималната височина се одредува од висинската кота на тротоарот во средината на страната на градбата долж падот на теренот.
23. Висината на венецот дадена на графичкиот прилог и табелите за нумерички показатели е максимална. Максималната висина на објектите изразена во должни метри се определува од нивото на нивелетата на тротоарот односно сообраќајницата или пристапната патека до завршниот венец на објектот.
24. Котата на нулта точка е висинска кота на плочата на приземјето на објектот во однос на котата на нивелетата на заштитниот тротоар и не се дозволува нејзино поместување.
25. Во архитектонското обликување на објектите покрај наменските, функционалните, климатските, геомеханичките, сеизмичките, и другите микролокациски услови, треба да води сметка за специфичностите на прирачните градежни материјали и традиционалните вредности и културата во градењето. Покрај императивните услови кои произлегуваат од дозволените граници на изградба, во компонирање на фасадите треба да се тежнее кон нивно максимално усогласување со соседните објекти со композициските линии на соседите, но сепак со максимално почитување на индивидуалноста на сопственикот и креативноста на архитектот.
26. Формата и висината на крововите се определува во зависност од предложената архитектура на дадениот објект и од намената на истиот. Максималниот агол на кровната конструкција во однос на вертикалната рамнина на фасадниот ѕид изнесува 35^0 но не повеќе од 4,5 м висина на слеме.
27. Површините наменети во ДУП за движење на пешаци, секаде каде е тоа можно според конфигурацијата на теренот да бидат континуирани, без скали и со подолжен наклон од 8,33 %, а во спротивно до скалите да се предвиди и рампа со истиот наклон.
28. Рекламите и огласите не смеат да му пречат на нормално одвивање на сообраќајот, да му штетат или да го менуваат изгледот на архитектонските

објекти и групации ниту да пречат на објектите поставени во јавен интерес како јавно осветлување, градски часовници, табли со имиња на улиците и сл.

29. Сметот ќе се одлага во заеднички контејнери лоцирани на погодни места во рамките на планскиот опфат.
30. Локациите на заедничките контејнери и нивниот број ги определува со посебна одлука органот на управата на општината. Локациите мора да бидат достапни за возилата за подигање на контејнерите а уредени во согласност со оној што ќе го евакуира ѓубрето во регионална односно општинска депонија.
31. Содржината во текстуалниот и графичкиот дел од овој план преставува солидна основа за издавање на Извод од урбанистички план.

При примена на планските решенија на **Детален урбанистички план за Четврт 5, Блок 5.2, опфат 1 (УЕ 20, УБ 20.06 - дел, плански опфат "1", по стара номенклатура на ГУП 2011-2021) КО Варош, Општина Прилеп** -Планска документација 2012-2017 год. за плански период од 2012-2017 год. за што не е регулирано со овие услови да се применуваат стандардите и нормативите утврдени со Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр. 63/12).

4.1.9. Посебни услови за изградба

Планскиот опфат на **Детален урбанистички план за Четврт 5, Блок 5.2, опфат 1 (УЕ 20, УБ 20.06 - дел, плански опфат "1", по стара номенклатура на ГУП 2011-2021) КО Варош, Општина Прилеп**, е составен од еден Блок со вкупно 2 градежни парцели со следната намена:

1 парцела е со намена Е1- комунална инфраструктура,
1 парцела е намена Е3- некомпатибилна инфраструктура.

Блок 1

Намена: Е1- комунална инфраструктура, Е3- некомпатибилна инфраструктура и Д2-заштитно зеленило

Намена: Е1- комунална инфраструктура
Компатабилни класи на намени: не се предвидува

Намена: Е3- некомпатибилна инфраструктура
Компатабилни класи на намени: не се предвидува

Намена: Д2- заштитно зеленило
Компатабилни класи на намени: не се предвидува

Природа на зафат:
- на парцелата 1.2 има постојна трафостаница 110/35/10 kv
- на парцелата 1.1 се предвидува антенски столб за радиорелејна мрежа
- Во рамките на парцелите може да се планираат еден или повеќе објекти според потребите, технологијата и организацијата на работа.
- Површината за градба е апроксимативна и за истата да се изработи архитектонско урбанистички проект, доколку се планираат повеке објекти во една градежна парцела, согласно предходно дефинирана проектна програма во која да се предвидат сите припратни содржини според потребите, технологијата и организацијата на работа на Инвеститорот.

- Бруто развиената површина за градба е презентирана без површината од можни галерии, конзоли и сл.

Градежна парцела 1.1
Намена: Е1-комунална инфраструктура
Висина на венец: 24,00м'
Број на катови: П
Пристап до објект е обезбеден од Индустриска улица: Ин 2- ул. "Новопроектирана 3"
Паркирање:
Паркирањето да се реши во рамки на сопствена парцела со почитување на потребен број паркинг места како основен услов за изградба до максимално дозволената висина и површина за градба. Потребниот број на паркинг места ќе се определи согласно член 61 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр. 63/12).

При издавање на одобрение за градба да се утврди потреба за спроведување на постапка за оцена на влианието на проектот врз животната средина.

Доколку при изведување на земјаните работи за поставување на базната станица, се наиде на археолошки артефакти, односно дојде до откривање на материјални остатоци со културна историска вредност, потребно е да се постапи во согласност со член 65 од Законот за заштита на културно наследство (Сл.весник на РМ 20/04), односно веднаш да се запре со отпочнати градежни активности и да се извести надлежната институција за заштита на културно наследство во смисла на член 129 од Законот.

Од аспект на одржив степен на сеизмичка заштита да при изградба на објектите се изврши геомеханичко испитување на носивоста на земјиштето, каде ќе се постави базната станица.

При користење на антенскиот столб за радиорелејна мрежа да се врши контрола на густина на нејонизирачки зрачења и степенот и влијанието врз човечкото здравје.

Градежна парцела 1.2
Намена: Е3- некомпатибилна инфраструктура
Висина на венец: 12,00м'
Број на катови: П+2
Пристап до објект е обезбеден од Индустриска улица: Ин 2- ул. "Новопроектирана 3"
Паркирање:
Паркирањето да се реши во рамки на сопствена парцела со почитување на потребен број паркинг места како основен услов за изградба до максимално дозволената висина и површина за градба. Потребниот број на паркинг места ќе се определи согласно член 61 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање ((Службен весник на РМ бр. 63/12).
Објектот ке биде понатамошно разработуван со архитектонско урбанистички проект.
- Површината за градба е апроксимативна и за истата да се изработи архитектонско урбанистички проект, доколку се планираат повеке објекти во една градежна парцела, согласно предходно дефинирана проектна програма во која да се предвидат сите припратни содржини

според потребите, технологијата и организацијата на работа на Инвеститорот.

Намена: Д2- заштитно зеленило
Компатабилни класи на намени: не се предвидува

4.1.10. Нумерички показатели

општина: Прилеп
локалитет: Детален урбанистички план за Четврт 5, Блок 5.2, опфат 1 (УЕ 20, УБ 20.06 - дел, плански опфат "1", по стара номенклатура на ГУП 2011-2021) КО Варош, Општина Прилеп

ПЛАНИРАН РАЗВОЈ БЛОК 1 П=2,30 ха БИЛД Д.О.О.Е.Л. - Скопје

катастарска општина	број на парцела	површина на градежна парцела	површина под градба	процент на изграденост	бруто развиена површина	коефициент на искористеност	основна класа на намена	компатабилни класи на намена на основната класа на намена		максимална висина на градба	број на спратови	потребен број на паркинг места
КО Варош	1.1	148 м2	64 м2	43%	64 м2	0,43	Е1 Комунална инфраструктура	-	-	24,00	п	Паркирање во рамките на парцелата согласно член 61 од Правилникот за стандарди и нормативи за изградба на објекти („Сл. Весник на РМ бр.61/12)
КО Варош	1.2	16851 м2	9237 м2	55%	27711 м2	1,64	Е3 некомпатибилна инфраструктура	-	-	12.00	п+2	
		1081 м2					Д2 заштитно зеленило					
		4915 м2					сообраќајни површини					
КО Варош		22995 м2	9301 м2	40%	27775 м2	1,21						

Бруто развиената површина за градба е презентирана без површината од можни галерии, конзоли и сл.

НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ ПО ДЕЛОВИ

Локалитет: Детален урбанистички план за Четврт 5, Блок 5.2, опфат 1 (УЕ 20, УБ 20.06 - дел, плански опфат "1", по стара номенклатура на ГУП 2011-2021) КО Варош, Општина Прилеп

блок	површина на урбан дел	површина на градежна парцела	површина под градба	процент на изграденост	бруто развиена површина	коефициент на искористеност	сообраќајници	основна класа на намена
	m2	m2	m2	%	m2	k	m2	
1	22995 м2	18080 м2	9301 м2	51%	27775 м2	1,54	4915 м2	Е1 и Е3

4.1.12. Мерки за заштита на животна средина

4.1.12.1 Мерки и средства за заштита и санација на животната средина

Врз основа на член 29 од Законот за заштита и спасување (Сл.весник на Р.М. бр.36/04, 49/04 и 86/08) за планската документација **Детален урбанистички план за Четврт 5, Блок 5.2, опфат 1 (УЕ 20, УБ 20.06 - дел, плански опфат "1", по стара номенклатура на ГУП 2011-2021) КО Варош, Општина Прилеп** се предвидуваат мерки за заштита и спасување на луѓето и материјалните добра од природни непогоди, епидемии, епизоотии, епифитотии и други несреќи во мир и во војна и од воени дејства во Република Македонија.

Мерки за заштита и спасување се: урбанистичко-технички и хуманитарни и други мерки за заштита и спасување кои би се појавиле при и по природните непогоди и други несреќи, а не се предвидени со овој закон.

Урбанистичко-технички мерки се:
-засолнување
-заштита и спасување од поплави
-заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи
-заштита од неексплодирани убојни и други експлозивни средства
-заштита и спасување од урнатини
-заштита и спасување од техничко-технолошки несреќи и
-спасување од сообраќајни несреќи.

Хуманитарни мерки се:
-евакуација
-згрижување на загрозеното и настраданото население
-радиолошка, хемиска и биолошка заштита
-прва медицинска помош
-заштита и спасување на животни и производи од животинско потекло
-заштита и спасување на растенија и производи од растително потекло и
-асанација на теренот.

- **Засолнување**

Република Македонија има обврска за изградба на јавни засолништа само во случај на исклучително загрозени објекти што ќе ги утврди Дирекцијата врз основа на геолошко-хидролошките и сеизмичките карактеристики на земјиштето и на капацитетот на задоволување на потребите за засолнување.

Единиците на локалната самоуправа имаат обврска да градат јавни засолништа со кои ќе ги задоволат потребните капацитети за засолнување на луѓето, материјалните добра и културното наследство на своето подрачје.

Начинот на изградба на јавните засолништа и одржувањето и користењето на веќе изградените засолништа и други заштитни објекти и определување на потребниот број на засолнишни места со уредба ги уредува Владата.

- **Заштита и спасување од поплави**

Заштитата и спасувањето од поплави опфаќа регулирање на водотеците, изградба на заштитни објекти, одржување и санирање на оштетените делови на заштитните објекти, набљудување и извидување на состојбите на водотеците и високите брани, заштитните објекти и околината, обележување на висинските коти на плавниот бран, навремено известување и тревожење на населението во загрозеното подрачје, спроведување на евакуација на населението и материјалните добра од загрозеното подрачје, обезбедување на премин и превоз преку вода, спасување на загрозените луѓе на вода и под вода, црпење на водата

од поплавените објекти и извлекување на удавените, обезбедување на населението во поплавените подрачја со основните услови за живот и учество во санирање на последиците предизвикани од поплавата.

• **Заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи**

На површината на предметниот плански опфат на **Детален урбанистички план за Четврт 5, Блок 5.2, опфат 1 (УЕ 20, УБ 20.06 - дел, плански опфат "1", по стара номенклатура на ГУП 2011-2021) КО Варош, Општина Прилеп** предвидени се вкупно 2 градежни парцели од кои:

1 парцела е со намена Е1- комунална инфраструктура,

1 парцела е намена Е3- некомпатибилна инфраструктура.

Сите објекти се лоцирани така да се пристапни за пожарните возила, а ширината на пристапот не смее да биде помала од 3,5 м со што се овозможува лесна подготовка и ставање во дејство на потребната опрема за борба против пожарот и спасување на луѓето. Ивичњаците на пристапниот пат мора да бидат закосени поради лесен пристап на пожарните возила до објектот.

Сообраќајниот систем во локалитетот овозможува лесен пристап на пожарните возила до објектите. При конципирање на сообраќајот планирано е несметано движење на пожарните возила.Сообраќајницата и пристапот се така планирани да овозможува несметан пристап за пожарни возила со доволна ширина на пристапот, за да се овозможи лесна подготовка и ставање во дејство на потребната опрема за борба против пожарот и спасување на луѓето.Ивичњаците на пристапниот пат треба да бидат со висина не поголема од 7,0 см и закосени поради лесен пристап на пожарни возила до објектот.

Временскиот рок за дејствување на пожарните возила зависи од оддалеченоста на најблиската противпожарна станица, која за овој плански опфат кој спаѓа во реонот на Против Пожарен Центар "Прилеп" би изнесувал од 15 до 20 мин.

Планирањето и изработката на техничката документација треба да е во согласност со Законот за заштита и спасување (Сл.весник на Р.М. бр.36/04, 49/04 и 86/08), Законот за пожарникарство (Сл.весник на Р.М. бр.67/04) и другите позитивни прописи со кои е регулирана оваа област. Со планирањето на хидрантската мрежа да се задоволат сите мерки на превентива и заштита во случај на пожар. Надворешната хидрантска мрежа е збир на градежни објекти и уреди со кои водата од извор погоден за снабдување со вода, со цевоводи се доведува на хидрантските приклучоци кои непосредно се користат за гаснење на пожари или на нив се приклучуваат противпожарни возила.

За надворешната хидрантска мрежа да се предвиди прстенаст систем на цевоводи, со минимален пречник ∅ 80 мм. На хидрантската водоводна мрежа со минимален профил од ∅80 мм се поставуваат противпожарни хидранти чии приклучни цевоводи имаат пречник најмалку ∅ 80 мм. Хидрантите да се поставени на меѓусебно растојание од 80 до 150 м. Притисокот во хидрантската мрежа не смее да биде понизок од 2,5 бара.

Државните органи, органите на државната управа, единиците на локалната самоуправа, трговските друштва, јавните претпријатија, установите и службите се должни да имаат соодветни уреди и инсталации за заштита од пожари и експлозии, друга противпожарна опрема, средства за гаснење на пожари и противпожарни апарати, според пропишани стандарди. Уредите, инсталациите, опремата и средствата од ставот 1 на овој член, задолжително треба да се наоѓаат на одредени места, да се одржуваат во исправна состојба, да бидат посебно обележани и секогаш достапни за употреба, согласно со закон.

Согласно Законот за заштита и спасување (Сл.весник на Р.М. бр.36/04, 49/04 и 86/08) член 70, инвеститорот во проектната документација за изградба на објекти, како и за објекти на кои се врши реконструкција-пренамена е должен да изготви посебен елаборат за заштита од пожари, експлозии и опасни материи и да прибави согласност за застапеноста на мерките за заштита од пожари, експлозии и опасни материи. Согласност за застапеност на мерките за заштита од пожари, експлозии и опасни материии дава Дирекцијата, односно нејзините подрачни организациони единици за заштита и спасување. Директорот на Дирекцијата ја утврдува содржината на елаборатот за заштита од пожари, експлозии и опасни материи. Директорот на Дирекцијата ги пропишува мерките за заштита од пожари, експлозии и опасни материи. Одредбата од ставот 1 на овој член ги опфаќа сите објекти, освен станбените објекти со висина на венецот до 10 метри и јавните објекти со капацитет за истовремен престој до 25 лица.

За објектите на кои не се однесува одредбата на овој член се применуваат важеките мерки, нормативи и стандарди кои се однесуваат на заштита и спасување.

- **Заштита од неексплодирани убојни и други експлозивни средства**

Согласно Законот за заштита и спасување (Сл.весник на Р.М. бр.36/04, 49/04 и 86/08) член 80, заштитата од неексплодирани убојни и други експлозивни средства опфаќа пребарување на теренот и пронаоѓање, пронаоѓање на неексплодираните убојни средства, обележување и обезбедување на теренот, онеспособување и уништување на сите видови на неексплодирани убојни и други експлозивни средства како и транспорт до определеното и уреденото место за уништување и безбедносни мерки за време на транспортот. Онеспособување и уништување на сите видови на неексплодирани убојни и други експлозивни средства се врши на местото на пронаоѓање, ако за тоа постојат безбедносни услови.

Ако не се исполнети условите од ставот 2 на овој член, уништувањето на неексплодирани убојни и други експлозивни средства се врши на претходно определени и уредени места за таа намена.

Стандардните оперативни процедури за заштита од неексплодирани убојни и други експлозивни средства ги пропишува директорот на Дирекцијата.

- **Заштита и спасување од урнатини**

За заштита на локалитетот од урнатини при урбанистичкото планирање превземени се следните мерки:

-објектите се со кота на венец до 12.00 м и 24,00 м;

-при рушење објектот ја зафаќа Н/2 од површината околу себе, односно рушевините се во склоп на парцелата;

-сообраќајната мрежа нема да биде оптеретена со рушевини и ке има можност за пристап на возила за пожар, прва помош, и т.н.

Просторот на предметниот плански опфат се наоѓа во зона на граница помеѓу 7 и 8 степени по Меркалиевата скала на очекувани земјотреси, што наметнува задолжителна примена на нормативно- правна регулатива, со која се уредени постапките, условите и барањата за постигнување на технички конзистентен и економски одржлив степен на сеизмичка заштита, при изградбата на новите објекти.

Густината на објектите односно нивното растојание е планирано во доменот на сеизмичкото проектирање со помали висини на објектите и со поголеми попречни профили на сообраќајниците, со што во случај на сеизмичко рушење може да се обезбеди проток на луѓе и возила.

• **Спасување од сообраќајни несреќи**

Планираната улична мрежа за Детален урбанистички план за Четврт 5, Блок 5.2, опфат 1 (УЕ 20, УБ 20.06 - дел, плански опфат "1", по стара номенклатура на ГУП 2011-2021) КО Варош, Општина Прилепе планирана по принцип на херархиска функционална класификација, од примарна и секундарна мрежа.

Вкупна површина на планскиот опфат изнесува 2,30 ха од која 4915 $м^2$ е под сообраќајни површини или 21,37%. Стационарниот сообраќај е решен согласно член 61 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр. 63/12). Комплетната сообраќајна сигнализација на уличната мрежа, како верикална и хоризонтална треба да е изведена согласно прописите од областа на сообраќајот.

Временскиот рок за дејствување на возилата за брза помош зависи од оддалеченоста на најблиската клиника, која за овој плански опфат во реонот на амбуланта и поликлиника би изнесувал од 10 до 20 мин.

Временскиот рок за дејствување на пожарните возила зависи од оддалеченоста на најблиската противпожарна станица, која за овој плански опфат кој спаѓа во реонот на Против Пожарен Центар "Прилеп" би изнесувал од 15 до 20 мин.

• **Евакуација**

Со евакуацијата се врши планско, организирано и контролирано преместување на населението, материјалните добра и културното наследство на Републиката, од загрозените во побезбедните подрачја.

Евакуацијата се извршува доколку со други мерки не е можно да се спречат последиците од природните непогоди и други несреќи.

Населението од подрачјето од кое се врши евакуација, може да се евакуира во друга општина на одредено место и во одредено време.

• **Згрижување на загрозеното и настраданото население**

Згрижувањето опфаќа прифаќање, сместување и обезбедување на основни услови за живот на настраданото и загрозеното население. Републиката и единиците на локалната самоуправа се должни да обезбедат сместување и итно згрижување на населението, кое поради природни непогоди и други несреќи, останало без дом и средства за живеење и кое поради загрозеност се задржува надвор од своето место на живеење.

• **Радиолошка, хемиска и биолошка заштита**

Радиолошката, хемиската и биолошката заштита опфаќа мерки и активности за заштита на луѓето, добитокот и растенијата, со навремено откривање, следење и контрола на опасностите од последиците од несреќи со опасни материи, како и последиците од радиолошки, хемиски и биолошки агенси и преземање на мерки и активности за отстранување на последиците од нив.

Сопствениците на објекти во кои се произведуваат и складираат опасни материи, сопствениците на транспортни средства, сопствениците и корисниците на објектите и уредите кои се наменети за јавно снабдување со вода, производство, сообраќај и складирање на прехранбени производи, лекарства и сточна храна, јавните здравствени служби, како и сопствениците на објекти во кои се врши згрижување и образование на децата, се должни да обезбедат заштитни средства и да ги спроведуваат стандардите и процедурите за радиолошка, хемиска и биолошка заштита.

Надлежните субјекти потребно е да преземат мерки и активности за заштита и спасување и тоа:

-РХБ извидување на територијата

-дозиметриска контрола

Радиолошката, хемиската и биолошката заштита опфаќа мерки и активности за заштита на луѓето, добитокот и растенијата, со навремено откривање, следење и контрола на опасностите од последиците од несреќи со опасни материи, како и последиците од радиолошки, хемиски и биолошки агенси и преземање на мерки и активности за отстранување на последиците од нив. Сопствениците на објекти во кои се произведуваат и складираат опасни материи, сопствениците на транспортни средства, сопствениците и корисниците на објектите и уредите кои се наменети за јавно снабдување со вода, производство, сообраќај и складирање на прехранбени производи, лекарства и сточна храна, јавните здравствени служби, како и сопствениците на објекти во кои се врши згрижување и образование на децата, се должни да обезбедат заштитни средства и да ги спроведуваат стандардите и процедурите заради радиолошка, хемиска и биолошка заштита.

Надлежните субјекти потребно е да преземат мерки и активности за заштита и спасување и тоа:

-РХБ извидување на територијата

-дозиметриска контола

-детекција на РХБ агенси присутни на одредено подрачје

-лабораториско испитување на видот, концентрацијата, својствата и другите карактеристики на РХБ контаминентите.

10.4.10. Прва медицинска помош

Прва медицинска помош опфаќа преземање на мерки и активности за укажување на прва медицинска помош со стандардни и прирачни средства на местото на повредувањето-заболувањето, медицинска тријажа на повредените и заболените итранспорт до најблиските здравствени установи.

Временскиот рок за дејствување на возилата за брза помош за овој плански опфат зависи од оддалеченоста на најблискиот медицински центар и болница.

10.4.11. Заштита и спасување на животни и производи од животинско потекло

Заштита и спасување на животни и производи од животинско потекло опфаќа превентивни и оперативни мерки за заштита на животните и производите од животинско потекло од дејствата на природните непогоди, епизоотии и други несреќи.
Превентивните мерки за заштита и спасување на животни и производи од животинско потекло ги спроведуваат надлежни органи и институции во нивното

секојдневно работење.

Во спроведување на оперативните мерки, покрај надлежните органи и институции учествува и Дирекцијата со своите единици и тимови, со укажување на прва ветеринарна помош на повреден, заболен и контаминиран добиток со стандардни и прирачни средства на местото на повредувањето и транспорт до соодветните ветеринарни установи.

10.4.12. Заштита и спасување на растенија и производи од растително потекло

Заштита и спасување на растенијата и производите од растително потекло опфаќа превентивни и оперативни мерки и активности за заштита од растителни болести, епифитотии, штетници, плевели, радиолошка, хемиска и биолошка контаминациај и други видови на загрозување.
Превентивните мерки за заштита и спасување на растенијата и производите од растително потекло ги спроведуваат надлежни органи и институции во нивното секојдневно работење.
Во спроведување на оперативните мерки, покрај надлежните органи и институции учествува и Дирекцијата со своите единици и тимови.

10.4.13. Асанација на теренот

Асанација на теренот опфаќа пронаоѓање, собирање, идентификација, транспорт и погребување на загинати и умрени лица, собирање, транспорт и закоп на угинати животни, собирање и уништување на сите видови отпадни и други опасни материи што го загрозуваат животот и здравјето на луѓето, дезинфекција, дезинсекција и дератизација на теренот и објектите како и аснација на објектите за водоснабдување.
За цврстиот отпад се предвидува собирање во контејнери за отпадоци и нивно редовно евакуирање до депонија. Евентуалните отпадоци од некој процес на производството потребно е да се собираат во посебен контејнер. Со тоа ќе се спречи загадување на почвите и на подземните води, а со тоа на животната и работната средина воопшто. Денешниот степен на развиток на сите научни гранки на техниката и хемијата, апсолутно овозможува здрав и чист животен амбиент, бидејќи може да се прочисти готово секој вид на отпадна вода. Со прочистување на отпадната вода, како и со заштита на водата од загадување, се решава проблемот на снабдување на стопанството и населбите со чиста вода. Со тоа се решава и прашањето на водата како елемент на животната средина, пресуден за егзистенција на човекот.

Носителите на одделните активности за асанација на теренот ќе се утврдуваат според надлежноста на предметниот опфат.

2) НУМЕРИЧКИ ДЕЛ

2.1. НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ ЗА ЗЕМЈИШТЕТО

Опис на површината и процент на учество на наменска зона на ниво на опфат			
	Е2	Регулиран канал	Вкупно
Површина на наменска зона (м2)	12.90	0.01	12.91
Процент на учество(%)	99.95	0.05	100.00
ОПФАТ 12.91 ха			

2.2. НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ ЗА ГРАДЕЖНАТА ПАРЦЕЛА

Бр. на ГП	Површина на Г.П. (м2)	Процент на изграденост (%)	Коефициент на искорис-теност	Површина на објект		Max. катност	Max. висина (м)	Намена.употреба на зем.и град.согласно ЛУПД
				Max.површина за градење (м2)	Вкупно изградена површина (м2)			
1	127805,74	60,00	0,60	76684,00	76684,00	П+2	тех.процес	Е2-Комунална супраструктура
ПЛАНСКИ ОПФАТ=12.91ха								
План. бр.на паркинг места	Бројот на паркинг места ќе се утврди со Архитектонско урбанистички проект, согласно член 59 од Правилник за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр: 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16,33/17 и 86/18)							
Забелешка	Компатибилните намени ќе се определат во основниот проект согласно член 32 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр: 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16 ,33/17 и 86/18)							

2.3 БИЛАНСНИ – СПОРЕДБЕНИ ПОКАЗАТЕЛИ ПОМЕЃУ ПОСТОЈНАТА СОСТОЈБА И ПЛАНИРАНАНАТА.

Споредбените билансни показатели се систематизирани нумерички вредности, кои произлегуваат од планското решение на ЛУПД- то и постојната состојба.

Бидејќи подрачјето на планскиот опфат на ЛУПД претставува неизградено земјиште нема постојни нумерички вредности кои би се споредувале со планираните нумерички вредности .

БИЛАНСНИ СПОРЕДБЕНИ ПОКАЗАТЕЛИ од Документациона основа и Планска документација			
	СОДРЖИНА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ	Документациона основа	Планска документација
1	ПЛАНСКИ ОПФАТ	129111,31м2	129111,31 м2
2	ПОВРШИНА ПОД ГРАДБА	/	76684,00м2
3	РЕГУЛИРАН КАНАЛ	62,15	62,15 м2
4	НГЗ-НЕИЗГРАДЕНО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ	129048,80м2	/

за работниот тим:

Digitally signed by Elena Arsov
DN: c=MK,
email=zafirovska_e@yahoo.com,
sn=Arsov, givenName=Elena,
cn=Elena Arsov
Date: 2021.02.27 11:33:28 +01'00'

Елена Арсов, дипл.инж.арх. овластување бр: 0.362

раководител на ЛУПД

РЕПУБЛИКАСЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Општина Кривогаштани
Број: 24-254/2 од 23.02.2023г.

Одделение за урбанизам и заштита на животната средина - Кривогаштани

Извод од план број __4__

Урбанистички план вон населено место за изградба на стопански комплекс на локалитет кој опфаќа делови на К.П. бр. 444, 445, 446, 448, 449, 450 и 451 во К.О.Врбјани
(наслов на план и плански период)
Одлука бр.07-1173/3 од 21.08.2014г.
(број и датум на Одлука со која е донесен АУП)
Намена на градбата: Г2 лесна незагадувачка индустрија(мало стопанство-фарми),Г3 сервиси (мало стопанство) и Г4 стоваришта(магацини) и Е2-Комунална инфраструктура(трафостаници)
К.П бр. 451/1-ГП 1, КП бр.451/6-ГП2, КП бр.451/5 -ГП 3, КП бр.449/4 -ГП 4, КП бр.449/17- ГП 5, КП бр.449/16 -ГП 6, КП 449/14 и 446/1- ГП 7, КП бр.449/14 ГП- 8, КП бр.449/13- ГП 9, КП бр.449/12-ГП10, КП бр.449/11-ГП 11, КП бр.449/10- ГП 12, КП бр.449/5 -ГП 13КО Врбјани
ДЛ____05_____М=1:1000

Намена на градбата: Г2 лесна незагадувачка индустрија (мало стопанство-фарми), Г3 сервиси (мало стопанство) и Г4 стоваришта(магацини)и Е2-Комунална инфраструктура(трафостаници)

К.П бр. 451/1-ГП 1, КП бр.451/6-ГП 2, КП бр.451/5 -ГП 3, КП бр.449/4 и КП.бр.444/1 -ГП 4, КП бр.449/17- ГП 5, КП бр.449/16 -ГП 6, КП 449/14 и 446/1- ГП 7, КП бр.449/14 ГП- 8, КП бр.449/13- ГП 9, КП бр.449/12-ГП 10, КП бр.449/11-ГП 11, КП бр.449/10- ГП 12, КП бр.449/5 -ГП 13 КО Врбјани

СОДРЖИ:

1.Графички дел:
-Заверена копија од синтезен план во идентична форма со:
-легенда
-табела со нумерички податоци
-По потреба и заверена копија од други графички прилози со легенда
2.Текстуален дел:
-Заверена копија од:општите и посебните услови за градење, мерки за заштита на културно наследство, на природата и животната средина, мерки за заштита и спасување, мерки за движење на хендикепирани лица и сл.
-По потреба и заверена копија од други услови
3.Податоци за постојна инфраструктура и приклучоци

Изготвил Фаница Гогол

Makedonski Telekom CA, Fanica Gogol
Digitally signed by Makedonski Telekom CA, Fanica Gogol
Date: 2023.02.23 12:56:12 +01'00'

Овластено лице од општината
Дипл.инж.арх. Фаница Гогол

Makedonski Telekom CA, Fanica Gogol
Digitally signed by Makedonski Telekom CA, Fanica Gogol
Date: 2023.02.23 12:56:31 +01'00'



НИВЕЛМАНСКО РЕШЕНИЕ НА ВКРСНИ ТОЧКИ НА СООБРАЌАЈНИЦИ СО КООРДИНАТИ

р.бр	ВКРСНИ ТОЧКИ-АПСОЛУТНИ КОТИ	КООРДИНАТИ x	КООРДИНАТИ y
1	602.40	4 576 951.60	7 534 760.74
2	601.80	4 576 830.20	7 534 759.48
3	601.20	4 576 832.74	7 534 514.64
4	601.67	4 576 954.14	7 534 516.55
5	601.71	4 577 043.10	7 534 508.96
6	601.74	4 577 044.09	7 534 515.96
7	601.36	4 577 062.44	7 534 626.56
8	601.39	4 577 108.12	7 534 623.53
8а	601.25	4 577 522.11	7 534 178.61
8б	601.18	4 577 521.12	7 534 178.66
9	600.88	4 577 087.30	7 534 477.54
10	601.00	4 577 112.80	7 534 477.48
11	600.80	4 577 199.02	7 534 477.27

БИЛАНСНИ ПОКАЗАТЕЛИ ЗА СООБРАЌАЈНИЦИ:

РЕГИОНАЛЕН (ДРЖАВЕН) ПАТ - Р 516				
р.бр	тип на улица	должина - м1	тротоар - м2	сообр. л. - м2	вкупно: - м2
1	Регионален пат	165.65		513.51	513.51
	Вкупно Регионален пат	165.65		513.51	513.51

СЕКУНДАРНА УЛИЧНА МРЕЖА					
р.бр	тип на улица	должина - м1	тротоар - м2	сообр. л. - м2	вкупно: - м2
1	Индустриска - И	535.43	2 086.20	4 861.01	6 947.30
2	Сервисна - Се	366.39	767.78	1 379.24	2 303.34
3	Пристапна - Пр	17.50		156.32	156.32
Вкупно секундарна мрежа		1 320.32	2 854.07	6 396.57	9 250.64
Се Вкупно во опфат:		1 485.97	2 854.07	5 910.08	9 764.15

ПРИМАРНА СООБРАЌАЈНА МРЕЖА (ПОСТОЈНА)

Р 1306 РЕГИОНАЛЕН ПАТ Р-1306
ПОПРЕЧЕН ПРОФИЛ I - I



СЕКУНДАРНА СООБРАЌАЈНА МРЕЖА

Се СЕРВИСНА УЛИЦА
ПОПРЕЧЕН ПРОФИЛ II-II



И ИНДУСТРИСКА УЛИЦА
ПОПРЕЧЕН ПРОФИЛ III-III



Пр ПРИСТАПНА УЛИЦА
ПОПРЕЧЕН ПРОФИЛ IV-IV

ВКУПНА ПОВРШИНА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ

ПОВРШИНА НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА СО УТВРДЕНА ПОВРШИНА ЗА ГРАДБА

УТВРДЕНА ПОВРШИНА ЗА ГРАДБА

Г.П.1,Г.П.3, Г.П.4 - Г2, Г3, Г4 - ЛЕСНА ИНДУСТРИЈА, СЕРВИСИ, СТОВАРИШТА

Г.П.2, Г.П.6, Е2 - КОМУНАЛНА СУПРАСТРУКТУРА - ТРАФОСТАНИЦИ

НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ ВО РАМКИ НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ

род.бр. на град. парцела	група на намени	класа на намени	компатибил. класа на намена на основната класа на намена	површина на градож. парцела м²	утврдена простор за градење на градби м²	максимална површина за градење на градби м²	вкупно изградена површина на градби по катови м²	макс. височина на градба: до завршен венец Hмакс= м	макс. височина на градба: до слеме	макс. височина на градба: спратност на објектот	потребен број на возила и место за паркирање
Г.П.1	Г.	Г2, Г3, Г4	Б.1-до 30%	15 148.83	13 063.42	13 015.89	26 031.78	максимална висина до која, на секој Д1 се дефинира	+ 4.5	П+1	со изработка на АУП
Г.П.2	Е.	Е.2.		25.00						П	
Г.П.3	Г.	Г2, Г3, Г4	Б.1-до 30%	10 687.69	8 748.11	8 739.12	17 478.24		+ 4.5	П+1	со изработка на АУП
Г.П.4	Г.	Г2, Г3, Г4	Б.1-до 30%	11 152.58	9 118.63	8 835.23	17 670.46		+ 4.5	П+1	со изработка на АУП
Г.П.5	Г.	Г2, Г3, Г4	Б.1-до 30%	3 159.65	2 106.60	2 106.60	4 213.20		+ 4.5	П+1	со изработка на АУП
Г.П.6	Г.	Г2, Г3, Г4	Б.1-до 30%	3.645.50	1 967.50	1 967.50	3 935.00		+ 4.5	П+1	со изработка на АУП
Г.П.7	Е.	Е.2.		25.00						П	
Г.П.08	Г.	Г2, Г3, Г4	Б.1-до 30%	1.530.06		459.00	918.00		+ 3.5	П+1	со изработка на Основен проект
Г.П.09	Г.	Г2, Г3, Г4	Б.1-до 30%	1.498.93		459.00	918.00		+ 3.5	П+1	со изработка на Основен проект
Г.П.10	Г.	Г2, Г3, Г4	Б.1-до 30%	1.501.79		440.00	880.00		+ 3.5	П+1	со изработка на Основен проект
Г.П.11	Г.	Г2, Г3, Г4	Б.1-до 30%	1.497.48		440.00	880.00		+ 3.5	П+1	со изработка на Основен проект
Г.П.12	Г.	Г2, Г3, Г4	Б.1-до 30%	1.456.15		365.50	731.00		+ 3.5	П+1	со изработка на Основен проект
Г.П.13	Г.	Г2, Г3, Г4	Б.1-до 30%	1.590.18		365.50	731.00		+ 3.5	П+1	со изработка на Основен проект
				52.918.84	35 004.26	37 193.34	74 386.68				

- за г.п. 1, 3, 4, 5 и 6 да се изработи А.У.П.;
- за г.п. 1, 3, 4, 5 и 6 се дозволува изградба на повеќе градби во рамки на утврдениот простор за градење
- бројот на потребни паркирни места да се одреди со А.У.П., а во согласност со правилник за стан. и норм. за урбан. планирање.
- за г.п. 8, 9, 10, 11, 12 и 13 се дефинира мах. површина за градби, врз база на која треба да се работи Основен проект;
- за г.п. 8, 9, 10, 11, 12 и 13 се дозволува укрупнување во една Г.П. врз база на предходно изработен АУП;
- бруто развиена-изградена површина на градби по катови е презентирана без елементи од второстепена пластика

УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО

ЗА ИЗГРАДБА НА СТОПАНСКИ КОМПЛЕКС
НА ЛОКАЛИТЕТОТ КОЈ ОПФАЌА:
делови од к.п.444, 445, 446, 448, 449, 450 и 451- К.О. ВРБЈАНИ

ОПШТИНА КРИВОГАШТАНИ

- ПЛАНСКИ ПЕРИОД 2013 - 2023

- ПРЕДЛОГ ПЛАН - М = 1 : 1000

ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

ЗБИРЕН ГРАФИЧКИ ПРИКАЗ-СИНТЕЗЕН ПЛАН

ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ

КЛАСА НА НАМЕНИ НА ЗЕМЈИШТЕ:

ПРОИЗВОДСТВО ДИСТРИБУЦИЈА И СЕРВИСИ

ЛЕСНА НЕЗАГАДУВАЧКА ИНДУСТРИЈА (МАЛО СТОПАНСТВО, ФАРМИ)

СЕРВИСИ (МАЛО СТОПАНСТВО)

СТОВАРИШТА (МАГАЦИНИ)

ЗЕЛЕНИЛО И РЕКРЕАЦИЈА

ЗАШТИТНО ЗЕЛЕНИЛО

ИНФРАСТРУКТУРА

КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА (сообраќајници)

КОМУНАЛНА СУПРАСТРУКТУРА (трафостаници)

1 2 3 РЕДЕН БРОЈ НА ГРАДЕЖНИ ПАРЦЕЛИ

Р.Л. РЕГУЛАЦИОНА ЛИНИЈА
Г.Г.П. ГРАНИЦА НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА — = РЕГУЛАТОРНИ ЛИНИИ

Р.Л.=Г.П. РЕГУЛАЦИОНА ЛИНИЈА - Регулационата линија се поклопува со границите на новоформираните градежни парцели

Г.Л. ГРАДЕЖНА ЛИНИЈА

ОСОВИНА НА СООБРАЌАЈНИЦА

ТРОТОАРИ

СООБРАЌАЈНИ ЛЕНТИ

ВЛЕЗ ВО ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА

П, П+1 СПРАТНОСТ НА ОБЈЕКТИТЕ

Н макс=7.5м МАКСИМАЛНА ВИСИНА ЗА ГРАДБА ДО ХОРИЗОНТАЛЕН ВЕНЕЦ

КОТА НА НУЛТА ПЛОЧА

Легенда:

Граница на КП

Новоснимени објекти

802 Број на КП

Знак за припадност

Деловен објект

Помошен објект

Трафостаница

Електрична бандера

Бунар

Насип

Изготвил

М.П. Марије Чкатроска

ЛЕГЕНДА ИНФРАСТРУКТУРА:

ВОДОВОДНА МРЕЖА (ПЛАНИРАНА)
ПРОТИВПОЖАРНА ВОДОВОДНА МРЕЖА (ПЛАНИРАНА)
УЛ. КАНАЛИЗАЦИОНА МРЕЖА - ФЕКАЛНА (ПЛАНИРАНА)
УЛ. КАНАЛИЗАЦИОНА МРЕЖА - АТМОСФЕРСКА (ПЛАНИРАНА)
ЕЛЕКТРИЧНА МРЕЖА - ВОЗДУШЕН 10КВ ДАЛЕКОВОД - постоен (дефиниран со заштитен коридор)
ЕЛЕКТРИЧНА НИСКО НАПОНСКА МРЕЖА
Т.С. 10(20)/0.4 КВ - ТРАФОСТАНИЦА - НАДГРАДЕНА
Т.С. 10(20)/0.4 КВ - ТРАФОСТАНИЦА - ПЛАНИРАНА
ПОДЗЕМЕН ТФ КАБЕЛ (ПОСТОЕН)
ТЕЛЕФОНСКИ КАБЕЛ (ПЛАНИРАН)
Б. БУНАР ЗА ВОДА
ВОДОМЕРНА ШАХТА
П.Х. ПРОТИВПОЖАРЕН НАДЗЕМЕН ХИДРАНТ
ШАХТА ЗА АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА
ШАХТА ЗА ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА
СТОЛБ НА В.Н. ЕЛ. ДАЛЕКОВОД
СТОЛБ НА Н.Н. ЕЛ. МРЕЖА И УЛИЧНА СВЕТИЛКА (Na250 IP66 UNIEN 12150)
БАНДЕРА ЗА ТЕЛЕФОНСКИ РАЗВОД

БИЛАНСНИ ПОКАЗАТЕЛИ ЗА ИНФРАСРТУКТУРА:		
вид на комунална инфраструктура	тип на инсталации	должина:
АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА		
ф 300 - планирана	У.К. ПВЦ	216.46 м
ф 200 - планирана	У.К. ПВЦ	648.57 м
ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА		
ф 200 - планирана	У.К. ПВЦ	212.88 м
ф 160 - планирана	У.К. ПВЦ	319.35 м
МЕШАНА КАНАЛИЗАЦИЈА		
ЕЛЕКТРИЧНА ИНСТАЛАЦИЈА		
10 КВ кабел-постоен		449.63 м
нисконапонски развод - ул. освет. постоен раз.		109.57 м
нисконапонски развод - ул. освет. планирано		871.03 м
ТЕЛЕКОМУНИКАЦИСКА ИНФРАСТРУКТУРА		
телекомуникац. инсталација - постојна		169.30 м
телефонски кабел - планиран		487.00 м

ИЗРАБОТУВАЧ:	ДРУШТВО ЗА ПРОИЗВОДСТВО, ГРАДЕЖНИШТВО И ТРГОВИЈА "ИЗОФАС" ДОО - ПРИЛЕП		УПРАВИТЕЛ:
СОРАБОТНИК:	ДРУШТВО ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ И ИНЖЕЊЕРИНГ "БИРО ШУКУРОСКИ" ДОО - ПРИЛЕП		М. П.
НАРАЧАТЕЛ:	ОПШТИНА КРИВОГАШТАНИ		
ПЛАН:	УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО		димензија на цртеж 600/570мм
ПРИЛОГ:	ЗБИРЕН ГРАФИЧКИ ПРИКАЗ - СИНТЕЗЕН ПЛАН		ФАЗА ПРЕДЛОГ ПЛАН
бр. на одлука на совет на општина Кривогаштани	претседател на совет на општина Кривогаштани		РАЗМЕР 1 : 1000 / ТЕХ. БР. У - 28-1/13
ПЛАНЕР: Марјан Шукуроски, дипл.инж.арх. овластување бр. 0.0060	ПРОЕКТАНТИ: Методија Дисоски д.и.арх.овл. бр. 2.0131; Ордан Јолевски д.и.е.е. овлас. бр. 4.0250	СОРАБОТНИК: Роми Желческа Иваноска, дипл.инж.арх. овластување бр. 1.0754	ДАТУМ: 08/2014 / ПРИЛОГ бр: 6

ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

1. Вовед

Урбанистичкиот план вон населено место за изградба на стопански комплекс во КО Врбјани се изработува по иницијатива на правно лице Доо "Кривогаштани промет" Прилеп, кое е сопственик на дел од објектите кои се наоѓаат во планскиот опфат и е заинтересирано да ги оствари своите права согласно важечките законски и подзаконски акти од областа на урбанизмот, а нарачател на Урбанистичкиот План вон населено место е Општина Кривогаштани.

Планскот опфат е определен со затворена линија која ќе го опкружува подрачјето формирано од делови на КП бр. 444, 445, 446, 448, 449,450 и 451 во КО Врбјани.

Согласно усвоената Годишна Пограма за дополнување на Програмата за изработка на урбанистичко планска документација на територијата на општина Кривогаштани за 2010 год, под бр. 07-66/9 од 25. 01. 2010год, заведена под бр. 07-443/4 од 18. 05. 2010 год, пристапено е кон изработка на Урбанистички План вон населено место. Исто така од страна на комисијата оформена од страна на градоначалникот на општина Кривогаштани е одобрена Планската програма изработена во март 2012 год.

Планот се изработува согласно важечките законски и подзаконски акти од областа на урбанизмот и тоа:

- Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. в. на Р.М. бр. 53/2005, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 144/12 и 55/13).
- Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. в. на Р.М. бр. 63/2012, 126/12 и 19/13).
- Правилникот за поблиска содржина и начин на графичка обработка на урбанистичките планови (Сл. в. на Р.М. бр. 78/06).

1. ВИД НА ПЛАНОТ, НАЗИВ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ И ПЛАНСКИ ПЕРИОД

Станува збор за изработка на Урбанистички план вон населено место во КО Врбјани општина Кривогаштани.

Урбанистичкиот план вон населено место за изградба на стопански комплекс опфаќа делови на к.п. бр.444, 445, 446, 448, 449,450 и 451 во к.о. Врбјани - општина Кривогаштани.

Основна цел при изработката на овој план е оформување на градежни парцели со што ќе се овозможи земјиштето околу објектите кое сега е во сопственост на РМ да се додели на сопствениците на објектите кои сега стопанисуваат со истите, а го користат и земјиштето на РМ.

Планскиот период за кој се изработува Урбанистички план вон населено место е во период од 2013 - 2023.

2. ГЕОГРАФСКА И ГЕОДЕТСКА МЕСТОПОЛОЖБА НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ

Предметниот опфат за разработка се наоѓа североисточно од населеното место Врбјани, покрај Регионалниот пат Р-1306 Прилеп (врска со Р1303)-Кривогаштани-Крушево-Сладуево (врска со Р1305), непосредно до н.м. Славеј

односно од неговата јужна страна, или поточно опфатот е на спротивната страна преку Регионалниот пат Р-1306 - на растојание од околу 20м од градежниот реон.

Истиот е со испрекршена правоаголна форма и се граничи од северната страна со осовината на Регионалниот пат Р-1306, од исток со дел од к.п. 449 и к.п.450, од југ со к.п. 452 (постоен пристапен пат), а од запад со к.п. бр. 2186 (постоен пристапен пат).

Согласно на ова границата се движи по северната страна на опфатот (од запад кон исток) по осовина на регионалниот пат Прилеп - Крушево во должина од 165м, потоа завртува за 90° надолу (движејќи се од север кон југ) и ја сече к.п. 449, во должина од 237м, при што удира до к.п. 450 , потоа за 90° хоризонтално се враќа назад (од запад кон исток) во должина од 115м (движеќи се по осовината на к.п. 450, потоа завртува за 90° надолу (од север кон југ) и ја сече к.п. 451 во должина од 122м, потоа завртува за 90° и хоризонтално (од исток кон запад) се движи по осовината на к.п. 452 во должина од 245м, доаѓа до осовината на к.п. 2186 (постоен пристапен пат), се движи вертикално нагоре (од југ кон север) за 90° во должина од 205м, потоа скршнува за 140° по дијагонала (кон северо запад) во должина од 60м движејќи се по осовината на к.п.2186 (постојната сообраќајнца), потоа завртува за 140° нагоре (од југ кон север) се движи во должина од 113м, по осовината на истата сообраќајница (к.п. 2186) и задршува на почетната точка, со што опфатот се затвора во почетната точка на осовината од Регоионалниот пат Р-1306, односно во делот на раскрсницата на пристапот во рамките на опфатот.

Планскиот опфат е на просечна надморска висина од 601м.

Теренот е во пад кон југозапад од околу 0.04%. што е минимум за одводнување на атмосферските и фекалните отпадни води.

Највисоката апсолутна кота е околу 602.06м надморска висина, а најниската на 600.62 м надморска нисина.

3. ТЕКСТУАЛНИ ОДРЕДБИ НА ПЛАН ОД ПОВИСОКО НИВО

Со оглед дека станува збор за простор надвор од урбано подрачје, каде нема важечка урбанистичко планска документација, за овој простор, план од повисоко ниво е Просторниот план на Р.М.

Во продолжение се приложува дел од одредбите - (Извадок од одредбите на Просторниот план на Р.М.)

точка 5. НАСОКИ И ЕЛЕМЕНТИ ЗА ИЗРАБОТКА НА ПРОСТОРНИ И УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ

Просторните планови на регионите, општините и подрачјата од посебен интерес и урбанистичките планови на населбите се усогласуваат со Просторниот план на Републиката, особено во однос на следните елементи:

- намена и користење на површините;
- долгорочна политика на урбанизација;
- мрежа на големата (магистрална) инфраструктура;
- мрежа на населби;
- заштита на животната средина.

Насоките на Просторниот план на Републиката во однос на намената и користењето на површините се следни:

- при изработката на урбанистичките планови, површините за сите урбани содржини треба да се бараат исклучиво во рамките на постојните градежни региони, а надвор од овие рамки, на површини од послаби бонитетни класи (над IV категорија);

- насочување на изградбата на викенд зони, земјоделски и други објекти само во оние подрачја кои со просторните планови од пониско ниво ќе бидат определени за тие цели.

Во однос на долгорочната политика на урбанизација, основните насоки на Просторниот план се однесуваат особено на:

- заедничко користење на просторот и синхронизирана изградба на инфраструктурните системи во единствени коридори;
- примена на принципи на насочената урбанизација за достигнување на приближно еднакви услови за живеење и работа на целата територија;
- избор и распоред на стопанските активности согласно со природните услови, расположивата работна сила и постојните стопански капацитети;
- создавање можности за отворање нови работни места во населби и подрачја каде треба да се задржи постојното население и да се насочат миграциите;
- дистрибуција на капацитетите од јавните функции согласно со потребите на населението заради намалување на разликите во опременоста со истите;
- организација на територииите на населбите исклучиво на простори кои досега не се искористени за урбани цели и на простори кои со урбанистичките планови се резервирани за нови, главно, стопански активности, а сé уште не се преведени кон новата намена;
- усогласување на густините на населеност, изграденост и спратност, заради почитување на принципите на хумано живеење и рационална експлатација на просторот и урбаните содржини и согласно со сите видови на заштита.

Во доменот на големите инфраструктурни системи, насоките кои ги дава Просторниот план на Републиката се однесуваат на основната мрежа од значење на Републиката. Со просторните планови на регионите инфраструктурната мрежа да се конципира согласно со постојната мрежа, со која ќе формира единствен систем. Ова се однесува на мрежата на регионални и локални патни правци, мрежата на локални гасоводи и далноводи од 110 КВ и помали. Сите овие мрежи ќе се изградуваат согласно со потребите на даденото подрачје и можностите на основната мрежа. Во однос на системот на населбите, просторните планови од пониско ниво треба да се усогласат со Просторниот план на Републиката, имајќи ги предвид вкупниот популационен потенцијал на Републиката и политиката на насочената урбанизација.

Основната мрежа на населби треба да се развива на тој начин што секоја општина, согласно со сопствените специфични услови, дадената мрежа ќе ја диференцира во потстепени за да се прецизира определена функционална особеност. Ова особено се однесува на конурбации, двојни градови и населби на простори со подобра инфраструктурна изграденост, каде е рационално да се предвидат одредени заеднички содржини и објекти кои секоја поединечна населба не може да ги оправда.

Во областа на заштитата на животната средина, просторните планови и урбанистичките планови треба да се усогласат со Просторниот план на Републиката на тој начин што, врз основа на режимот на заштита предвиден со

Просторниот план, ќе се организира распоред на активности и изградба на објекти за да се усогласат барањата кои ги поставува одржливиот стопански развој и современото сфаќање на заштитата.

Посебни мерки и активности за остварување на рационалното користење и заштита на просторот, како и посебни интереси на просторниот развој се:

1. Обезбедување на спроведување на постојните закони и прописи со кои се заштитува просторот, ресурсите и националното богатство и се организира и уредува просторот со цел за вкупен развој, а особено во однос на:
- бесправната градба;
- стопанисувањето со шумите, земјоделското земјиште, водите и друго;
- заштита на создаденото и природното богатство.

2. Изработка на стручни подлоги и донесување на соодветни прописи за подрачја од посебен интерес за државата.

3. Постојните градежни подрачја треба рационално да се користат и за таа цел треба да се испитаат просторните резерви и да се извршат измени и дополни на важечките планови за просторното уредување.
Проширување на просторните градежни подрачја и формирањето на нови може да се врши во новите урбанистички планови врз база на критериумите определени во регионалните просторни планови.

4. Насоките и критериумите за уредување на просторот надвор од градежните подрачја треба да се утврдат со помош на стручни основи и упатствата од ресорите на земјоделството, водостопанството, шумарството и заштитата на животната средина. Особено внимание да се даде на планирањето на инфраструктурните коридори и објекти со приоритетно користење на постојните траси и помалку вредни простори.

5. Во планирањето на уредувањето на населбите (особено на градските) и прилагодувањето на тие планови на новите потреби и иницијативи, треба да се утврдат просторните резерви на оформените структури и оптималните можности на развој:
- да се утврдат граничните капацитети на постојната инфраструктура преку кои остварувањето бара големи вложувања, така што изградбата треба да се насочи кон подрачја кои веќе се и кои можат да бидат опремени со инфраструктура од соодветен капацитет;
- да се утврдат можностите за користење на работните зони преку внатрешна трансформација, модернизација и подобро користење на просторот и опремата, постапно да се дислоцираат загадувачките дејности од населбите (особено од градовите со туристичко-рекреативните вредности);
- да се создадат услови за лоцирање на мали стопански единици во помалите населби, а особено семејни стопанства на ретко населените подрачја;
- туристичките содржнини треба да се планираат координирано и усогласено со насоките од Просторниот план и тоа задолжително надвор од подрачјата со зачувани природни вредности и заштитени делови на природата;
- ревитализација на историските целини со внесување на соодветни содржини и заштита на вредностите.

4. ПЛАНСКА ПРОГРАМА

Планската програма која е предходно одобрена од страна на комисијата оформена од страна на градоначалникот на општина Кривогаштани е составен дел на оваа планска документација.

5.ОПИС И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПЛАНСКИОТ КОНЦЕПТ ЗА ПРОСТОРНИОТ РАЗВОЈ

-Намена на земјиште и градби

Земјиштето кое е предмет на анализа со У.П.В.Н.М. е предвидено со класа на намена "Г" производство, дистрибуција и сервиси, односно група на класи на намена - Г2 (лесна незагадувачка индустрија), Г3 (сервиси, мало стопанство), - Г4 (стовништа, магацини). Исто така со планскиот опфат се предвидени и класа "Е" инфраструктура т.е. "Е1"комунална инфраструктура како и "Е2"комунална супраструктура, и класа "Д" зеленило и рекреација односно "Д2" заштитно зелено.

Поединечно класите на намени се представени во табелата за билансни показатели во која е прикажана површината во м2 на одредена класа, како и процентот на класата во рамките на планираниот опфат.

БИЛАНСНИ ПОКАЗАТЕЛИ

1.	ПРОИЗВОДСТО,ДИСТРИБУЦИЈА И СЕРВИСИ - Г	52 724.73м2	79.61 %
-	лесна незагадувачка индустрија - Г2		
-	сервиси (мало стопанство) - Г3		
-	стовништа (магацини) - Г4		
2.	ИНФРАСТРУКТУРА - сообраќајна мрежа - Е1	**9 764.15м2**	14.75 %
-	сообракајни ленти, регионален пат, сервисна и индустриска улица и тротоари		
3.	ИНФРАСТРУКТУРА- супраструктура - Е2	50м2	0.07 %
-	трафостаници		
4.	ЗЕЛЕНИЛО - Д	**3 686.32м2**	5.57 %
-	заштитно зеленило - Д2		
	ВКУПНО ВО ГРАНИЦИ НА ОПФАТОТ -	**66 225.20м2**	100.00 %

-Регулациони и градежни линии

Регулационата линија е планска одредба во графички приказ со која се разграничува градежното земјисте од аспект на носители на право за градење.

Минималното растојание помеѓу две регулациони линии е различно во зависност од намената на зоната, а додека две паралелни регулациони линии го дефинираат профилот на сообраќајницата.

Во рамките на планскиот опфат регулационите линии се на растојание од 10.0м кон индустриските улици, а 12.0м кон сервисната улица.

Градежната линија е повлечена во однос на регулационата линија воглавно за 5.0м во длабочина на парцелата, а на еден дел на 3.0м во однос на регулационата линија.

Градежната линија кон соседните Г.П. исто така е повлечена на мин. 5.0м во однос на границата на парцелата.

-Површини за градба и висински план

Површината за градење е планска одредба со која во урбанистичкиот план се утврдува делот од градежната парцела која се предвидува за градење на градбите.

За парцелите со поголеми површини (Г.П. 1, 3, 4, 5 и 6) од планскиот опфат се предвиува утврден простор за изградба на повеќе градби во рамките на секоја од Градежните парцели. Точните површини треба да се дефинираат со изработка на Архитектонско урбанистички проекти за секоја Г.П.

За Г.П. 2 и 7 кои се наменети за Е.2 - комунална супраструктура - (трафостаница), се предвидени површини по 25м2.

За Г.П. 8, 9, 10, 11, 12 и 13 се предвидуваат максимални површини за градба со оглед дека станува збор за помали парцели, ограничени со заштитниот коридор на

патот од северната страна, а од јужната страна со заштитниот коридор од постониот високонапонски далновод. Ова се поклопува и со барањето на општината која треба во иднина да стопанисува со овие парцели.

Површините за градење се наменети за лесна и незагадувачка индустрија, сервиси, мало стопанство, стовариште и магацини.

Вака предвидените максимални површини, односно утврдениот простор за изградба, за градба на објектите (процент на изграденост) и нивниот проектиран волумен (коефициент на искористеност на земјиштето) се према пропишаните норми односно се во склоп со правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирања.

Према видот на градбата се предвидува дисперзивен начин на градба. Со планскиот опфат површините за градење - утврдениот простор за изградба на повеќе градби се предвидени во рамките на тринаесет градежни парцели и подетално може да се видат во следната табела.

НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ ВО РАМКИ НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ

ред.бр. на град. парцела	група на класа на намени	класа на намени	компатибил. класи на намена на основната класа на намена	површина на градеж. парцела $м^2$	утврден простор за градење на градби $м^2$	максимална површина за градење на градби $м^2$	вкупно изградена површина на градби по катови $м^2$	мах. височина на градба: до завршен венец Нмах= $м^1$	мах. височина на градба: до слеме	мах. височина на градба: спратност на објекти	потребен број на возила и место за паркирање
Г.П.1	Г.	Г2, Г3, Г4	Б.1-до 30%	15 148.83	13 063.42	13 015.89	26 031.78	максимална висина до кота на венец да се дефинира согласно технолошкиот процес во секоја Г.П.	+ 4.5	П+1	со изработка на АУП
Г.П.2	Е.	Е.2.		25.00						П	
Г.П.3	Г.	Г2, Г3, Г4	Б.1-до 30%	10 687.69	8 748.11	8 739.12	17 478.24		+ 4.5	П+1	со изработка на АУП
Г.П.4	Г.	Г2, Г3, Г4	Б.1-до 30%	11 152.58	9 118.63	8 835.23	17 670.46		+ 4.5	П+1	со изработка на АУП
Г.П.5	Г.	Г2, Г3, Г4	Б.1-до 30%	3.159.65	2 106.60	2 106.60	4 213.20		+ 4.5	П+1	со изработка на АУП
Г.П.6	Г.	Г2, Г3, Г4	Б.1-до 30%	3.645.50	1 967.50	1 967.50	3 935.00		+ 4.5	П+1	со изработка на АУП
Г.П.7	Е.	Е.2.		25.00						П	
Г.П.08	Г.	Г2, Г3, Г4	Б.1-до 30%	1.530.06		459.00	918.00		+ 3.5	П+1	со изработка на Основен проект
Г.П.09	Г.	Г2, Г3, Г4	Б.1-до 30%	1.498.93		459.00	918.00		+ 3.5	П+1	со изработка на Основен проект
Г.П.10	Г.	Г2, Г3, Г4	Б.1-до 30%	1.501.79		440.00	880.00		+ 3.5	П+1	со изработка на Основен проект
Г.П.11	Г.	Г2, Г3, Г4	Б.1-до 30%	1.497.48		440.00	880.00		+ 3.5	П+1	со изработка на Основен проект
Г.П.12	Г.	Г2, Г3, Г4	Б.1-до 30%	1.456.15		365.50	731.00		+ 3.5	П+1	со изработка на Основен проект
Г.П.13	Г.	Г2, Г3, Г4	Б.1-до 30%	1.590.18		365.50	731.00		+ 3.5	П+1	со изработка на Основен проект
				52.918.84	35 004.26	37 193.34	74 386.68				

- за г.п. 1, 3, 4, 5 и 6 да се изработи А.У.П.;
- за г.п. 1, 3, 4, 5 и 6 се дозволува изградба на повеќе градби во рамки на утврдениот простор за градење
- бројот на потребни паркирни места да се одреди со А.У.П., а во согласност со правилник за стан. и норм. за урбан. планирање.
- за г.п. 8, 9, 10, 11, 12 и 13 се дефинира мах. површина за градба, врз база на која треба да се работи Основен проект;
- за г.п. 8, 9, 10, 11, 12 и 13 се дозволува укрупнување во една Г.П. врз база на предходно изработен АУП;
- бруто развиена-изградена површина на градби по катови е презентирана без елементи од второстепена пластика

Со утврдувањето на површините за градење се дефинирани и максималната висина и спратност на градбите. Максималната висина за градба се определува до ката на хоризонтален венец.

Максималната висина во случајов, до кота на венец е 7.5м, односно 9.0м.

Височината на слеме во однос на височината на венецот на градбите ќе биде во рамките на максимално дозволените 4.5м, (за дел до 3.5 м, а за дел до 4.5м) што е во согласност со постојниот правилник - член 48, став 4 , и истата детално за секоја Г.П. треба да се дефинира со изработка на Архитектонско урбанистички проект.

Котата на првата подна (нулта) плоча е променлива во зависност од падот на теренот односно во зависност од котата на тротоарот и максимално може да биде до 1.2м. во однос на котата на тотоасрот. Утврдувањето на точните апсолутни коти на пристапите од влезовите ќе се утврди со изработка на Архитектонско урбанистички проекти, а понатаму и со нумеричките податоци за секоја парцела поодделно, врз база на кој ќе се изработи и основен проект за секоја површина за градба.

Предвидените растојанија помеѓу површините за градење и повлекувањето на градежната линија, е определена во согласност со член 42 став 2, 3 и 4 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. в.на Р.М. бр. 63/12 , 126/12 и 19/13.)

6. ОПИС И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПЛАНСКИТЕ РЕШЕНИЈА ЗА СООБРАЌАЈНА И КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА

Сообраќајната инфраструктура е значаен фактор во еден планиран простор и има витално занчење во остварување на животните функции на истиот. Една од најважните основи на модерното урбанистичко планирање е концепцијата на уличната мрежа да биде прегледна и јасна и да овозможи безбедно и непрекинато одвивање на сообјаќајот и сите учесници рамноправно да ги третира.

Примарна мрежа:

По однос на примарна мрежа во овој опфат постоен е Регионалниот пат Р-1306 - Прилеп (врска со Р1303)-Кривогаштани-Крушево-Сладуево (врска со Р1305), кој се протега од северната страна на опфатот и има две асфалтни сообраќајни ленти за разминување со вкупна ширина од 6.2м, а лево и десно постојат банкини и ободни канали со ширина од по (1.5+1.5+1.5) односно по 4.5м, или вкупната ширина на попречниот профил заедно со трупот на патот изнесува 15.2м. Со планското решение постојниот приклучок кон Р 1306 е проширен и се обезбедени проширувања со приклучна и исклучна лента како и клинови димензионирани согласно секторската брзина од 60км/час.

Секундарна мрежа:

Како секундарна сообраќајна мрежа се предвидени повеќе улици и тоа сервисна улица “Се” од западната страна на опфатот која има профил на сообраќајница од 12.0м, односно две коловозни ленти со ширина од по 4.0м. и тротоари со ширина од по 2.0м, како и повеќе индустриски улици “И“ во рамките на опфатот со ширина на тротоарите од 1.5м и две коловозни ленити со ширина од по 3.5м. односно вкупна ширина од 10.0м, како и Пристапна улица на северната страна. Индустриските улици на северо источната страна завршуваат со проширувања, согласно законските прописи.

Тротоарите треба да бидат препознатливи според начинот на изведба на завршна обработка, да се различни од сообраќајните ленти, а најчесто се од "павер" елементи. Радиусите на хоризонталните кривини на раскрсниците, како и големината на радиусот на хоризонталните кривини на улиците е дефиниран согласно член 74, односно член 71 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. в.на Р.М. бр. 63/12 , 126/12 и 19/13).

Во рамките на опфатот има 9764.15м2 под сообраќајници, од кои 513.51 м2 се од примарната мрежа, а 9250.64м2 се од секундарната мрежа. Поединечно под примарна мрежа е: регионален пат со 513.51м2. Поединечно под секундарна мрежа се: сервисна улица со 2303.34м2, додека индустриски улици има на 6947.30м2.

Вкупно во границите на опфатот има 165.65+936.43+383.89=1485.97м[1] сообраќајни ленти, од кои 936.43м се индустриски улици, 383.89м се сервисна улица а останатите 165.65м. се сообраќајни ленти од регионалниот пат.

Попрегледно површините на примарната и секундарната мрежа се дадени во следната табела.

БИЛАНСНИ ПОКАЗАТЕЛИ ЗА СООБРАКАЈНИЦИ:

РЕГИОНАЛЕН (ДРЖАВЕН) ПАТ - Р 516					
р.бр	тип на улица	должина - м1	тротоар - м2	сообр. л. - м2	вкупно: - м2
1	Регионален пат	165.65		513.51	513.51
Вкупно Регионален пат		165.65		513.51	513.51
СЕКУНДАРНА УЛИЧНА МРЕЖА					
р.бр	тип на улица	должина - м1	тротоар - м2	сообр. л. - м2	вкупно: - м2
1	Индустриска - И	936.43	2 086.29	4 861.01	6 947.30
2	Сервисна - Се	366.39	767.78	1 379.24	2 303.34
3	Пристапна - Пр	17.50		156.32	156.32
Вкупно секундарна мрежа		1 320.32	2 854.07	6 396.57	9 250.64
Се Вкупно во опфат:		1 485.97	2 854.07	6 910.08	9 764.15

- паркирање

Паркинг место е правоаголна површина за стационирање на возило во мирување со димензии, простор за пристап, маневрирање и пристапна сообраќајница или рампа, кои соодветствуваат со димензиите на возилото.

Утврдувањето на бројот на паркирните места е во дирекна корелација со утврдувањето на површината за градење и висината на објектите.

Потребниот број на паркирни места ќе се утврди со изработка на Архитектонско урбанистички проект за секоја Г.П и понатаму со проектна документација во зависност од потребите на градбата и специфичните услови кои произлегуваат од неа.

- нивелациски план

При изработката на НИВЕЛАЦИОНИОТ ПЛАН користени се податоци од постојните сообраќајници и висински коти на теренот.

Исто така и нивелетата на вкрсните точки на осовините на улиците како и падовите на улиците се превземени од постојната сообраќајна мрежа прикажана на ажурираната подлога, што заначи дека со планското решение нема да се направи голема промена. Просечно теренот е во благ пад југозапад од околу 0.04%. што е минимум за одводнување на атмосферските и фекалните отпадни води.

Точните нивелети на улиците ќе бидат утврдени со изработка на основните и изведбените проекти за уличната мрежа.

- комунална инфраструктура

Со планското решение за комуналната инфраструктура, се задржуваат постојните водови кои се добиени од јавните комунални предпријатија, додека на улиците се планирани нови траси со што треба да се постигне оптимално решение за предметниот простор.

Во графичкиот прилог се дадени само основните правци и решенија за комуналната инфраструктура, а подетална изработка ќе следи со разработка на основни проекти пред реализација на истите.

- водовод

Согласно добиените податоци од Јавното комунално предпријатие "Пелагонија" Кривогаштани, за парцели кои се надвор од опфат, односно надвор од урбана средина, не постојат, ниту се планираат траси за водоводна мрежа.

Со оглед на конфигурацијата на теренот, постои оптимална можност за снабдување на вода преку бунари. За секоја градежна парцела треба да се предвидат бунари преку кои треба да се обезбедат потребните количини на технолошка, противпожарна и санитарна вода.

Исто така треба да се предвиде и надворешна хидрантска мрежа, каде во зависност од големината на секоја Г.П. е планирано е поставување на потребен број (1,2,3,4) надземни противпожарни хидранти, кои ќе бидат на помало меѓусебно растојание од 80м, а оддалечени од објектите мин 5.0м и кои ќе ги задоволуваат потребите од противпожарна вода.

Доколку не може да се постигне минималниот притисок од 2.5 бари, за период од мин.2 часа, потребно е да се предвидат резервоари за противпожарна вода, како и уреди за постигнување на притисокот - хидрофори. Исто така потребно е да се обезбедат и резервен извор на енергија - дизел агрегат кој ќе може да се стратува и да го напојува хидрофорот во случај на избивање на ел. енергија.

Точните количини, бројот, местоположбата и сите дополнителни податоци треба да се дефинираат со понатамошна разработка на Архитектонско урбанистички проекти за Г.П. 1, 3, 4, 5 и 6 пооделно, односно со изработка на Основни проекти за Г.П. 8, 9, 10, 11 12 и 13.

Напомена:

Доколку општина Кривогаштани во наредниот период има согледувања за иден развој и визии за оформување на индустриска зона во поширокото подрачје, со проекти за линиска инфраструктира може да се планираат траси и на овој опфат за водоводна линија со снабдување од постојните бунари од каде се снабдува с. Славеј.

- канализација

Согласно добиените податоци од Јавното комунално предпријатие "Пелагонија" Кривогаштани, за парцели кои се надвор од опфат, односно надвор од урбана средина, не постојат, ниту се планираат траси за канализациона мрежа.

Во координација со надлежните лица од општина Кривогаштани, со планската документација, се повлечени основни правци - траси на фекална канализациона инсталација која во иднина би требало да се реализира, со што фекалната канализација треба да се насочи кон комбинирана пречистителна станица. Фекалната канализација од уличната мрежа ќе се собира во колектор во должина од околу 2500м, кој поминува низ постоечки полски пат кон населеното место Врбјани а потоа се носи до контејнерски тип на пречистителна станица од каде се испушта во канал - Сенокошка.

За одводнување на фекалната канализација е предвидена канализациона мрежа од ПВЦ УК.Ц - канализациони цевки со Ф 250-350мм.

Технолошките отпадни води во секој комплекс мора прво да се третираат преку пречистителни станици со преливници и сепаратори за масти (доколку има таква потреба), а потоа добро прочистената вода да се испушта во отворените атмосферски канали за прифаќање на армосферски води.

Исто така низ опфатот е предвидена атмосверска канализација од PVC UK.C цевки со Ф 250-400 mm кои ќе ги собираат атмосверските води а од тука се испушта во постојните атмосферски канали покрај индустиските улици и се насочива кон одводните канали од останатиот простор.
Точните количини, бројот, местоположбата, дијаметарот на инсталацијата и сите дополнителни податоци треба да се дефинираат со понатамошна разработка на Архитектонско урбанистички проекти за Г.П. 1, 3, 4, 5 и 6 пооделно, односно со изработка на Основни проекти за Г.П. 8, 9, 10, 11 12 и 13.

- електрика

Земјиштето кое е предмет на анализа со У.П.В.Н.М. е предвидено за тринаесет (13) градежни парцели и тоа четири (11) со класа на намена "Г" производство, дистрибуција и сервиси, односно група на класи на намена:

- Г2 (лесна незагадувачка индустрија)
- Г3 (сервиси, мало стопанство),
- Г4 (стоваришта,магацини),

како и две (2) градежни парцели со група на класа на намена "Е" инфраструктура, односно класа на намена:

- Е2 комунална супраструктура-трафостаници.

Во границите на опфатот од северната страна поминува 10КВ далековод кој има заштитена зона со ширина од по 7.0 м лево и десно од трасата на коридорот, односно 14м вкупно заштитен појас.

Од овој далековод продолжува крак кој завртува вертикално надолу (кон југ) по пристапната сообраќајница, и се поврзува со постојната ТС 10/04 кВ, а која се наоѓа на западната страна надвор од опфатот. Во рамките на опфатот далеководот завртува источно и продолжува до постојна столбна трафостаница со капацитет од 160кВА, а која се планира да се надогради до снага од 400кВА. Овој далековод исто така има заштитна зона од 14м.

Од постојната монтажна бетонска трафистаница се извлекува нисконапонска воздушна разводна мрежа, со што постојат услови за улично осветлување на комплексот. Во рамките на планскиот опфат има планирано уште една трафостаница ТС 630кВа која заедно со надоградената трафостаница ќе ги задоволи потребите на планираните објекти.

Потрошувачката на електрична енергија како и потребната едновремена моќност на индустриските потрошувачи зависи од индустриската гранка, обемот на производство, потрошувачката на електрична енергија по единица производ, можноста за користење на други облици на енергија, нивото на развој на земјата и подрачјето, цената на електричната енергија и други фактори. Определување на овие зависности е сложена и несигурна постапка. Поедноставен начин на определување е користење на искуствени податоци на постоечки потрошувачи од ист и сличен тип.

За потрошувачи од лесна и незагадувачка индустрија едновремена моќност може да се одреди според:

$$Ped1 = 0.025kW/m^2 \times 42169.03 \times 70\% = 737.95kW$$

Сообраќајната мрежа е со должина од 1485,97 m. Според препораките на CIE осветленоста на улици и паркинг простори се препорачува да биде 10-20lx.За таа цел потребно е да се постават 50 светилки на растојание од 25-35 m на висина од 6-8 m.

Ped2 = 50 x 0.25kW = 12,5kW

Потребната електрична моќност за осветлување на паркинг просторите е:

Ped3 = 0,001kW/m² x 5500 = 5,5kW

Осветленоста на зеленилото и останатиот отворен простор треба да биде 5 - 10lx. Потребната електрична моќност во тој случај ќе биде:

Ped4 = 0,0005 x 21686,32 = 11kW

Вкупната едновремена електрична моќност ќе биде:

Pedv = Ped1 + Ped2 + Ped3 + Ped4

Pedv = 737.95 +12.5 + 5.5+11 = 766.95kW

Од оваа пресметка произлегува дека за овој стопански комплекс земајќи ја во предвид и конфигурацијата потребни се две трафостаници ТС 10(20)/0,4kV, едната со моќност од 400kVA, другата со моќност од 630kVA.

При полагање на каблите треба да се води сметка за нивните меѓусебни растојанија како и за вкрстосување со други инсталации (телефонска или водоводна инсталација), со почитување на законската регулатива.

Водовите воглавно да се носат по должина на тротоари и покрај предвидено зеленило.

Во состав на НН кабловска мрежа спаѓаат и разводни ормари кои се од типот на слободно стоечки, поставени без бетонски фундамент.

При изработката на техничката документација за внатрешна ел. инсталација, треба да се применат соодветни мерки за заштита што ги пратат инсталациите за осветлување, термичките потрошувачи и приклучниците.

- електронска комуникациска инфраструктура и опрема

Телекомуникациската мрежа е значаен фактор за развојот на општествениот стандард со можност за брзо ширење на информации. Во рамките на опфатот, и околу него има оптимални услови за нови приклучоци, со оглед дека непосредно покрај планираната сервисна сообраќајница (од спротивната страна на трупот на патот) поминува подземен телефонски кабел, на кој може да се надоврзат идни приклучоци за потребите на корисниците во рамките на планскиот опфат.

Секое подетално планирање како и приклучување на нови приклучоци, треба да се врши во согласност со екипите од операторот кој ќе ги обезбедува тие услуги.

Подрачјето на општина Кривогаштани е покриено со мрежата на трите мобилни оператори, така што и овој плански опфат е со 100% покриеност на мобилните оператори.

